ATINA

CITIZENS' ASSOCIATION FOR COMBATING TRAFFICKING IN HUMAN BEINGS AND ALL FORMS OF VIOLENCE AGAINST WOMEN

# ОД ТРАУМА ДО СВЕДОЧЕЊЕ: НАСОКИ ЗА ПСИХОЛОШКА ПОДДРШКА ЗА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ВО ИСТРАЖНИ И СУДСКИ ПОСТАПКИ


Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

EU with YOU

# ОД ТРАУМА ДО СВЕДОЧЕЊЕ: НАСОКИ ЗА ПСИХОЛОШКА ПОДДРШКА ЗА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ВО ИСТРАЖНИ И СУДСКИ ПОСТАПКИ

**Белград 2026**

**Здружение на граѓани за борба против трговијата со луѓе и сите форми на насилство врз жените - АТИНА**

Белград, Шајкашка 27
*www.atina.org.rs*
*office@atina.org.rs*
+381 61 63 84 071

**Уредник**
Јелена Хрњак

**Автори**
Драгана Чук Миланков
Јелена Радосављев Кирчански
Маријана Савиќ
Лидија Џорџевиќ

**Лектура и корекција**
Ивана Илич Шундериќ

**Дизајн и распоред**
Небојша Човиќ, Калиграм

**Штампа**
SCRIPT International
Мајк Аласа 54, Белград

Тираж: 100

**ISBN-978-86-82960-04-1**

Оригинално издание на српски јазик:
Od traume do svedočenja : smernice za psihološku podršku žrtvama trgovine ljudima u istražnim i sudskim procesima

Оваа публикација е преведена на македонски јазик со финансиска поддршка на заедничката акција на Европската Унија и Советот на Европа за Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија.

Оваа публикација е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската Унија или на Советот на Европа.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, година на издавање“. Сите други барања во врска со преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставаат до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (F -67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Директоратот II, Avenue de l’Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00,
E-mail: Horizontal.Facility@coe.int

© Совет на Европа, април 2026.
Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.

# Содржина

**Предговор** **5**

**Поддршка на жртвите на трговија со луѓе во контекст на истражни и судски постапки** **5**

**Принципи на кои се заснова подготовката на жртвите за учество во истражни и судски постапки во рамките на НВО Атина** **9**

Индивидуализирана поддршка 10

Сеопфатност на поддршката 10

Долгорочна поддршка 10

Избалансирана распределба на моќ 11

Доброволност 11

Подготовка за сведочење 11

**Психолошки основи на траума од трговија со луѓе** **12**

**Невробиолошка основа на стресот и траумата** **15**

**Специфичности на психолошка подготовка за сведочење во рамките на долгорочната програма за поддршка** **17**

**Подготовка од страна на психолог** **19**

Прв дел од подготвителниот процес 20

Втор дел од подготвителниот процес 21

**Подготовка од страна на социјален работник** **27**

Структура на примерокот и контекст 27

Типови и траење на експлоатацијата и обрасци на присила 32

Судски постапки: Колку долго траат и што носат 33

Пресуди и казни: Односот помеѓу казнената политика и должината на затворската казна 33

Што научивме 33

Извештај за искуствата на жртвите на трговија со луѓе во истражни и судски постапки 35

Прв контакт со институциите 36

Искуство за време на истражната фаза 37

Емоционални аспекти 38

Информираност за процедурите 38

Искуства за време на судскиот процес 39

Емоционални и психолошки аспекти 41

Исход од судскиот процес 41

Контакти со НВО Атина 42

Повратни информации и предлози од жртвите во врска со работата на институциите 45

Повратни информации и предлози од жртвите во врска со работата на Атина 46

Резиме 47

Клучни наоди 47

Препораки 49

# Предговор

Учеството на жртвите на трговија со луѓе во истражни и судски постапки е едно од најпредизвикувачките и најчувствителни искуства во процесот на закрепнување. Додека сведочењето е клучно за постигнување правда и сносење одговорност од страна на сторителите, за жртвите тоа често значи повторно соочување со траумата, заедно со губење на контрола и стравот кои често се длабоко испреплетени со искуството на експлоатација.

Дводецениското искуство на невладината организација (НВО) „Атина„ во работа со жртви на трговија со луѓе покажува дека квалитетот на судскиот процес и психолошката благосостојба на жртвите не се спротивставени цели. Напротив, тие се нераскинливо поврзани. Кога жртвата се чувствува безбедна, почитувана и подготвена за процесот, таа има повеќе простор да го изнесе својот исказ, додека систем што ги препознава и цени психолошките последици од траумата има поголема шанса да дојде до поцелосна и посигурна вистина.

Прирачникот "Од траума до сведочење: Насоки за психолошка поддршка на жртвите на трговија со луѓе во истражни и судски постапки" беше создаден од секојдневната пракса на НВО Атина во работа со жртви на трговија со луѓе и други форми на родово-базирано насилство. Тоа не е само резултат на директна работа со жртвите, туку и на континуирана соработка со институциите и примената на интердисциплинарен пристап кој комбинира психолошка поддршка, правна заштита и долгорочно следење на процесот на закрепнување и реинтеграција.

Посебната вредност на прирачникот лежи во фактот што започнува од реалните искуства на жртвите и професионалците кои ги придружуваат низ истражни и судски постапки. Фокусот не е само на процедурите, туку и на луѓето, нивните стравови, дилеми, силни страни и потреби. Прирачникот се заснова на траума-сензитивен, кон жените ориентиран и зајакнувачки пристап, кој ја отфрла претставата за жртвата како пасивен сведок и инсистира на нејзиното право на глас, избор и достоинство во секој чекор од постапката.

Во системот постојат механизми за поддршка, како што се служби за помош и поддршка на сведоците и оштетените при обвинителствата и судовите, кои претставуваат чекор кон хуманизација на постапката. Сепак, нивната улога по природа е ограничена и најчесто се сведува на индивидуални, временски ограничени интервенции поврзани со специфични процесни дејствија. Искуството на НВО Атина покажува

дека таквата поддршка, иако неопходна, не е доволна сама по себе и не одговара на сложените и долготрајни потреби на жртвите на трговија со луѓе.

Праксата јасно покажува дека формалното постоење на правни механизми не е доволно. На жртвите на трговија со луѓе им е потребна континуирана, сеопфатна и долгорочна поддршка која не завршува со влегување во судницата, ниту пак со давањето на исказ. Токму тука лежи посебната улога на организациите на граѓанското општество и почетната точка на НВО Атина, со јасна порака: „нема вистинско закрепнување без достигнување на правдата„. Правдата не е апстрактен поим, туку процес во кој жртвата добива можност да го поврати чувството на контрола, достоинство и општествено препознавање и признание за преживеаното насилство.

Психолошкото советувалиште во рамките на Атина активно работи од 2003 година и претставува темелна, интегрална компонента на сите наши програми. Сепак, психолошката поддршка не постои изолирано; таа е само една од гранките во крошната од бројни услуги кои заедно ја формираат рамката на закрепнување. Искуството не учи дека лице кое е гладно, без безбедно сместување или без извор на приходи, не може истовремено да се носи со длабоките психолошки процеси кои закрепнувањето неизбежно ги отвора. Ваквиот пристап овозможува холистичко согледување на потребите на жртвите, а интервенциите да се приспособат на нивниот ритам, капацитети и избори. Затоа психолошкото советувалиште во НВО Атина секогаш се развива во сплет со други форми на поддршка и со работа на тим од стручњаци кои се секојдневно вклучени во процесот. Нивните улоги се јасно разграничени, но меѓусебно поврзани и комплементарни; секоја носи специфична одговорност, а тие заедно овозможуваат континуитет, стабилност и безбедност за жените кои поминуваат низ истражни и судски постапки. Психолошката поддршка е вткаена во секоја фаза од работата со корисниците: преку индивидуални планови за поддршка, подготовка за сведочење, придружба за време на постапките, како и во долгорочниот процес на закрепнување и реинтеграција, сè до постигнување на целосна социјална инклузија. Со тоа се овозможува поддршката да се приспособи на жртвите, а не обратно.

Намерата на овој прирачник не е да понуди универзални или ригидни решенија. Напротив, тој повикува на размислување, приспособување и одговорно дејствување во секој поединечен случај. Наменет е за професионалци од системот на правосудство, полицијата, социјална и здравствена заштита, како и за сите кои во својата работа доаѓаат во контакт со жртви на трговија со луѓе, со цел намалување на секундарната виктимизација и зајакнување на довербата во институциите.

Истовремено, тој претставува и повик за системско вложување во траума-сензитивни, долгорочни модели за поддршка што ги развиваат организациите на граѓанското општество, бидејќи без такви вложувања борбата против трговијата со луѓе останува декларативна.

Правосуднте постапки може да имаат и терапевтски потенцијал, но само ако се водат со разбирање, внимание и почит кон оние кои учествуваат во нив. Овој прирачник е наш придонес кон таа цел.

**Јелена Хрњак,** програмски менаџер во НВО „Атина„

Белград, јануари 2026 година

# Поддршка на жртвите на трговија со луѓе во контекст на истражни и судски постапки

Пристапот што го развива НВО Атина во работата со жртвите на трговија со луѓе се заснова на континуирана, траума-информирана и индивидуализирана поддршка, во рамките на која учеството во истражни и судски постапки не се гледа како изолирана интервенција, туку како дел од поширок процес на закрепнување, зајакнување и враќање на контролата врз сопствениот живот. Искуството на НВО Атина покажува дека безбедното и значајно учество на жртвите во споменатите постапки не може да биде резултат на поединечна интервенција, туку исклучиво на структуриран, долгорочен и интердисциплинарен модел на поддршка, заснован на јасно дефинирани организациски принципи.

Жртвите на трговијата со луѓе и други форми на родово-базираното насилство речиси секогаш учествуваат во кривични истраги и судски постапки. Сведочењето ги става во многу ранлива ситуација: потсетувајќи се на трауматскиот настан и изнесувајќи емоционално тешки содржини пред лица кои не ги познаваат (судија), како и пред познати, потенцијално загрозувачки лица (насилникот, бранителот). Затоа, адекватната подготовка е од клучно значење и овозможува развивање на механизми за справување со оваа стресна ситуација, притоа минимализирајќи го степенот до кој се загрозува нивната психолошка благосостојба. Подобрена емоционална стабилност кај сведоците резултира со поквалитетен и поопфатен исказ. Во тој контекст, благосостојбата на жртвата и ефикасноста на правосудниот систем се нераскинливо поврзани.

Во последните децении во рамките на правната теорија се развива област која дополнително ја расветлува споменатата поврзаност: *терапевтска јуриспруденција*, која ги препознава психолошките ефекти на правосудниот процес врз учесниците.

Терапевтската јуриспруденција е насочена кон согледување на правдата не само преку формално-правни исходи, туку и преку последиците што постапката ги има врз психолошката благосостојба на учесниците. Овој пристап поттикнува размислување за начините на кои постојните правни норми можат да се применат, без да се загрозат основните принципи на правосудството, со цел да се намалат потенцијалните штетни ефекти од постапката и да се зајакне нејзиното позитивно, поддржувачко дејство.

Еден од важните придонеси на терапевтскта јуриспруденција е идентификувањето на практики кои, иако немаат намера да наштетат, можат да имаат контратерапевтски ефект. Повеќечасовно сведочење без пауза, особено кога прашањата провоцираат повторно преживување на трауматското искуство, се пример за такви ситуации. Свесноста на професионалците за ефектите од овие практики, како и преземањето на едноставни мерки за организација (планирање на времето, предлагање паузи), може значително да придонесе кон психолошката благосостојба на сведоците, без потреба од измени на правните норми.[1]

Сепак, искуството на Атина укажува на тоа дека ваквите корективни практики во рамките на самиот правосуден систем не се доволни, доколку не се проследени со континуирана, надворешна и траума-информирана поддршка на жртвата, која го надминува опсегот на правосудниот институционален мандат.
Во согласност со основните начела на терапевтското право, искуството на Атина потврдува дека самиот чин на сведочење може да има потенцијален терапевтски ефект за жртвата. Предуслов за остварување на овој потенцијал е соодветна, сеопфатна и долгорочна подготовка.

## Принципи на кои се заснова подготовката на жртвите за учество во истражни и судски постапки во рамките на НВО Атина

Во текот на многугодишната пракса, НВО Атина, развива принципи кои продираат во работата на организација во сите области, вклучувајќи ја и подготовката на корисниците. Овие принципи не претставуваат сет индивидуални професионални вештини, туку се вградени во организациската структура и начин на работа на НВО Атина, што овозможува нивна доследна примена независно од поединците вклучени во процесот.

1 Концептот на терапевтска јуриспруденција е развиен од Дејвид Б. Векслер и Брус Џ. Виник од осумдесетите години, почнувајќи од позицијата дека правото и судските постапки можат да имаат терапевтски или контратерапевтски ефект врз психолошката благосостојба на учесниците во постапката. Види: Wexler, D. B. & Winick, B. J. (1996). *Law in Therapeutic Key: Developments in Therapeutic Jurisprudence.*

## Индивидуализирана поддршка

Поддршката што ја обезбедува НВО Атина е прилагодена на специфичните потреби на секоја личност. По вклучувањето во програмата, во договор со корисниците, се спроведува проценка на потребите и се изработува индивидуален план за поддршка. Со тоа лицето, често за првпат, остварува реално влијание врз сопствениот живот. Долгорочно, ваквиот модел на однос поттикнува развој на самодоверба и самопочит, што придонесува за поголема емоционална стабилност и во ситуации на давање исказ пред надлежни органи.

## Сеопфатност на поддршката

Поддршката од НВО Атина опфаќа широк спектар на области: безбедно сместување, медицинска, правна и психолошка помош, проширување на социјалната мрежа, образование и вработување. Поголемиот дел од овие форми на поддршка започнуваат значително пред фазата на учество во постапките.

Интердисциплинарниот пристап во рамките на НВО Атина не подразбира ад-хок соработка на поединци од различни институции, туку координиран тим кој делува во заеднички систем на вредности и методолошки рамки, насочен кон холистичка и континуирана поддршка на жртвата.[2] Тимот го сочинуваат социјален работник, психолог и адвокат, при што односот на доверба со корисниците во голема мера веќе е изграден пред самата подготовка за сведочење.

## Долгорочна поддршка

Поддршката од НВО Атина опфаќа широк спектар на области: безбедно сместување, медицинска, правна и психолошка помош, проширување на социјалната мрежа, образование и вработување. Поголемиот дел од овие форми на поддршка започнуваат значително пред фазата на учество во постапките.

Когнитивната психологија укажува на феноменот на реактивна девалвација, кој покажува дека ефектот на пораката зависи не само од нејзината содржина, туку и од изворот од кој доаѓа.[3]

2 Холистичкиот или траума-информираната поддршка – модел за жртви на трговија со луѓе се базира на интегрирана психолошка, социјална, правна и безбедноста поддршка преку константен и координиран процес.

3 Феноменот на реактивна девалвација во когнитивната психологија ја опишува тенденцијата да се дискредитира или потцени пораката во зависност од односот со личноста која ја соопштува пораката. Види: Lee Ross & Constance A. Stillinger, Psychological Barriers to Conflict Resolution, Stanford University, 1988.

Во контекст на подготовката за сведочење, тоа значи дека интервенциите имаат значително поголем ефект кога ги спроведува лице кон кое веќе е развиен однос на доверба.

## Избалансирана распределба на моќ

Пристапот на НВО Атина се заснова на сфаќањето дека сите учесници во процесот на асистенција се рамноправни соработници. Професионалците носат стручни знаења (*експерти според стручност*), додека луѓето кои преживеале насилство претставуваат експерти за сопствените искуства, потреби и цели (*експерти според искуство*). Ваквата перспектива овозможува заедничко донесување одлуки и придонесува за развој на идентитет базиран на лични сили, а не идентитет дефиниран од искуството на виктимизација.

## Доброволност

Сите интервенции во рамките на програмата се засноваат на принципот на доброволност. Учеството во програмата, прифаќањето на одделни видови поддршка, како и одлуката за евентуално учество во постапката, се водени од изборите на самите корисници. Ваквиот пристап придонесува за враќање на чувството на контрола врз сопствениот живот, што претставува клучен фактор за стабилност при соочување со тешки ситуации, вклучувајќи го и сведочењето.

## Подготовка за сведочење

Подготовката за сведочење претставува индивидуализиран процес, прилагоден на актуелните потреби, сили и ранливост на секој корисник. Во овој процес учествуваат социјален работник, психолог и адвокат, при што нивните улоги се јасно дефинирани и меѓусебно усогласени.

Социјалните работници најчесто се лицата што најдобро ги познаваат корисниците. Тие се со жртвата во најранливите ситуации: на терен непосредно по излегување од ситуација на насилство, при лекарските посети, во моменти на криза пред средбата со психолог, и сл. Поради тоа, корисниците развиваат многу силен однос на доверба со нив, што претставува голем потенцијал во улогата на социјалните работници во процесот на подготовка.

Психологот обично воспоставува контакт со корисниците нешто подоцна, но во текот на работата исто така гради однос на доверба. Специфичниот придонес на психологот во подготовката произлегува од увидот во актуелното психолошко функционирање на корисниците,

како и од професионалната експертиза во областа на примена на интервенции за зајакнување на жртвите.

Адвокатот е уникатна фигура во процесот на подготовка од правната перспектива. Иако односот со него се воспоставува во подоцнежните фази, непосредно пред сведочењето, значењето на заштитата и сигурноста што може да ги понуди во таа, за жртвите тешка ситуација, овозможува многу брзо да се воспостави конструктивен однос.

Ваквата поделба на улоги го одразува фактот дека комплексните потреби на жртвите на трговија со луѓе ги надминуваат компетенциите на која било поединечна професија или институција, вклучувајќи ги и службите што делуваат исклучиво во рамките на судскиот систем. Иако овие служби можат да имаат важна улога во информирањето и логистичката поддршка, тие не можат сами да обезбедат длабока, долгорочна и траума-информирана подготовка што е неопходна за да се помине низ постапката без дополнителни негативни последици за жртвата.

Интервенциите преку кои се спроведува подготовката се засновани на карактеристиките на психолошкото функционирање на лицата кои преживеале ситуации на насилство. Затоа следното поглавје нуди осврт кон психолошката природа на оваа траума и посебните аспекти на функционирање на преживеаниот.

## Психолошки основи на траума од трговија со луѓе

Изложеноста на експлоатација претставува специфична и сложена траума што има силно и долготрајно влијание врз психолошкото функционирање на личноста. Ситуациите на трговија со луѓе најчесто подразбираат комбинација од различни форми на насилство емоционално, физичко, сексуално и социјално, чие заедничко јадро е систематското лишување од контролата над сопствениот живот. Токму губењето на контролата претставува централно трауматско искуство што ги обликува понатамошните психолошки реакции на жртвата.

Во контекст на пролонгирано насилство, како што е трговијата со луѓе, насилството не претставува изолиран инцидент, туку образец на односи. Во такви односи насилникот користи низа психо-социјални механизми за да воспостави и одржи целосна контрола над жртвата. Овие механизми вклучуваат физичко и емоционално насилство, ограничување на слободата на движење, забрана за комуникација и изолација од надворешниот свет. Физичкото насилство често има функција на демонстрација на моќ и заплашување, додека емоционалното насилство се одразува преку континуирано обезвред-

нување, понижување и закани. Во случаи кога жртвата е принудена да извршува морално стигматизирани активности, самата закана за откривање на нејзиниот статус пред семејството или заедницата може да има силен контролирачки ефект.

Контролата на движењето и забраната за комуникација дополнително ја зацврстуваат изолацијата на жртвата, насочувајќи ја исклучиво кон насилникот и на тој начин зголемувајќи ја неговата моќ. Доколку насилството се одвива надвор од домашната средина на жртвата, особено во странска земја, со јазични и културолошки бариери, чувството на страв, дезориентација и беспомошност дополнително се засилува.

Здруженото дејствување на овие механизми доведува до постепено формирање на позиција на жртвата, чија основна карактеристика е доживувањето на личната беспомошност и губење на контролата над сопствениот живот. Лицето се повлекува, му се препушта на авторитетот на насилникот и ги прифаќа наметнатите „правила на игра“, настојувајќи да ги исполни очекувањата и да ја избегне казната. Во оваа фаза, насилникот често дополнително ја зацврстува контролата преку посуптилни психолошки механизми: наметнување на негативна слика за себе кај жртвата, систематско рушење на секоја перспектива за иднина надвор од насилниот однос, непредвидливост на казната и претставување на насилството како „воспитно“, „заслужено“ или дури „добронамерно“. Во контекст на трговијата со луѓе, чест механизам е заплашувањето со наводни врски со полицијата или други институции, со што дополнително се обесхрабрува секој обид за отпор или бегство.

Во вакви околности, прифаќањето на улогата на жртва може да претставува стратегија за преживување. Помирувањето со моменталната ситуација не треба да се гледа исклучиво како пасивност или согласност со насилството, туку како обид за зачувување на психичкиот и физичкиот опстанок во околности кои во дадениот момент ја надминуваат способноста на лицето да им се спротивстави. Разбирањето на овој механизам е клучен за избегнување на обвинување на жртвите поради „пасивното трпење“ на насилството.

Покрај прифаќањето на улогата на жртва, чести механизми за справување со траумата вклучуваат потиснување и разделување. Со потиснување, лицето ги исфрла од свеста изразито стресните и повредувачки содржини за да го намали нивното непосредно влијание. Во исто време со разделувањето го раздвојува сознанието за трауматскиот настан од емоциите што го придружуваат тоа сознание. Во такви случаи, лицето може да знае што му се случило, но не покажува очекувани емоционални реакции. Овие механизми можат да

доведат до фрагментирани, недоследни или емоционално „*празни*“ искази, кои професионалците, доколку не се запознаени со психолошките ефекти на траумата, можат погрешно да ги протолкуваат како лага, манипулација или недостаток на веродостојност.

Во пракса, психолошките последици од траумата на трговијата со луѓе се манифестираат преку низа релативно стабилни обрасци на емоционално и бихејвиорално функционирање, кои кај повеќето жртви се јавуваат во различни комбинации и интензитет.

Кај повеќето жртви, по излегување од ситуацијата на насилство, се забележуваат следниве карактеристики:

- **страв**, насочен како кон насилникот (страв од одмазда), така и кон семејството и блиската околина, поради страв од стигматизација, одбивање или неверување;
- **лоша слика за себе**, придружена со исклучително ниска самодоверба и тешкотии во прифаќањето на сопствениот идентитет;
- **чувства на вина**, кои жртвата ги интернализира под влијание на насилникот, чувствувајќи се одговорна за насилството што го доживеала;
- **ненадејни и чести промени во расположението**, кои можат да изгледаат неповрзани со содржината на разговорот и да го збунуваат соговорникот;
- **низок степен на толеранција на фрустрација**, тешкотии со концентрација, вознемиреност и импулсивни реакции;
- **тешкотии во интегрирањето на искуствата од периоди на насилство во доживувањето на идентитетот**, особено кога жртвите биле принудени да се однесуваат спротивно на своите вредности;
- **одбивање на присетување на трауматични искуства**, во обид да се избегне повторување на повредувачките ефекти;
- **општа недоверба кон луѓе**, вклучувајќи професионалци во различни институционални улоги;
- **прилагодување спрема очекувањата на лица во позиција на авторитет**, како последица на изострена социјална перцептивност развиена со цел преживување;

- **одложена манифестација на трауматизација**, при што знаците на траума може да се појават само откако ќе се воспостави безбедна и поддржувачка средина.

Сите наведени обележја претставуваат очекувани и разбирливи последици од трауматското искуство на трговијата со луѓе. Меѓутоа, во институционален контекст тие често погрешно се толкуваат како показатели на неверодостојност, манипулативност, несоработка или лични карактеристики на жртвата, доколку не се согледани низ траума-информираната перспектива.

Како што покажува горенаведеното, суштината на траумата од трговијата со луѓе е длабока и долготрајна загуба на контрола врз важни аспекти од сопствениот живот. Како резултат, основата на психолошкото закрепнување е постепеното враќање на внатрешното ниво на контрола, односно, доживување дека лицето повторно може да влијае на околностите кои што директно го погодуваат. Токму во овој контекст лежи потенцијалното терапевтско значење на судскиот процес: тој може да овозможи инверзија на моќта помеѓу жртвата и насилникот, обезбедувајќи простор вистината за претрпеното насилство да се изговори пред институциите кои имаат легитимитет да го валидираат и осудат. Меѓутоа, за да се оствари овој потенцијал, неопходно е правосудната постапка да биде проследена со структурирана, континуирана и траума-информирана поддршка, каква што обезбедува моделот на работа на НВО Атина.

# Невробиолошка основа на стресот и траумата

Во последните децении, невронауката значително придонесе за разбирањето на стресот и траумата, особено во објаснувањето на реакциите што во пракса често се забележуваат кај лица кои преживеале пролонгирано насилство.[4] Однесувањето на лицата кои преживеале траума, кое претходно го толкувавме исклучиво од психолошки аспект, денес се разбира и преку нивната јасна невробиолошка основа. Важноста на ова сознание се огледува во разбирањето на границите на волната контрола: многу реакции предизвикани од траумата се случуваат надвор од нивото на свесна контрола на лицето. Тие не можат волно да се регулираат или „*исклучат*". Токму поради таа причина, комуникациските интервенции

[4] Современите невронаучни истражувања укажуваат на значаен придонес на невронауката кон разбирањето на последиците од траумата и реакциите на стрес.

во контекст на добивање исказ од жртви на трговија со луѓе мора да се засноваат на разбирање за невробиологијата на траумата. Невронаучните наоди сугерираат дека пролонгираната изложеност на стресни ситуации (вклучувајќи ситуации на долгорочно насилство, како трговијата со луѓе) создава променета функција на централниот нервен систем и организамот во целост. Имено, секоја состојба на возбуда (т.е. проценката на амигдалата дека перципираните надворешни стимули претставуваат специфични закани за телото) го активира симпатичкиот нервен систем преку хипоталамусот. Сигналот од хипоталамусот го иницира лачењето на кортизол и адреналин, кои за возврат предизвикуваат каскада на реакции кои имаат за цел да го заштитат организмот (овозможувајќи реакција на „борба или бегство" или реакција на „смрзнување"). Срцето почнува побрзо да чука, пумпајќи крв во мускулите и другите витални органи, се забрзува пулсот, се покачува крвниот притисок, дишењето се забрзува, се шират дишните патишта, се ослободуваат резерви на шеќер и масти за организмот да добие потребна енергија, итн. Несакан ефект на овие физиолошки промени е намалената ефикасност на предфронталниот кортекс, во кој се наоѓаат центрите на повисоките когнитивни функции (како размислување, меморија, контрола на импулси, итн.). Во таква состојба лицето потешко ги организира мислите и има отежнат пристап до сеќавањата и повеќе е склоно кон импулсивни реакции.

Кај лицата кои биле долготрајно изложени на насилство, овие промени можат да станат релативно трајни. Истражувањата укажуваат дека доаѓа до зголемена чувствителност на системот за детекција на опасност, намалување на капацитетот за обработка и складирање на сеќавања, како и намалена активност на центрите задолжени за повисоки когнитивни функции.[5] Последично, лицето може да реагира посилно и поинтензивно на стимули кои објективно не претставуваат непосредна закана.

Важно е да се нагласи дека споменатите физиолошки реакции се активираат надвор од нивото на волна контрола. Затоа интервенциите што се потпираат на барања лицето „да преземе контрола над своето однесување" или „да се концентрира на темата на разговор" не можат да имаат посакуван ефект. Повисоките когнитивни функции можат да станат поефикасни само преку намалување на тензијата и воспоставување на чувство на безбедност, односно преку активирање на механизмите за смирување на организмот. Активацијата на парасимпатичкиот нервен систем е поврзан за процесите на смирување и закрепнување. кои ја формираат основата на траума-

[5] Наодите за трајни промени во функционирањето на амигдалата, хипокампусот и префронталниот кортекс кај лица изложени на долготрајна траума се опишани во истражувањата на Џејмс Бремнер и соработниците.

информираните интервенции.[6]

Излегувањето на жртвата од ситуацијата на насилство само по себе отвора простор за постепена стабилизација, особено доколку лицето се вклучи во сеопфатна програма за поддршка. Безбедно место за престој, здравствено згрижување, поддржувачки социјални контакти и психолошка поддршка претставуваат нов животен контекст што придонесува за намалување на тензијата и чувството на сигурност.

Меѓутоа, ситуациите на сведочење претставуваат посебен предизвик во фазата на закрепнување. Евокацијата на трауматските сеќавања, со очекување тие да бидат детални и прецизни, како и можноста за повторна средба со насилникот, може повторно да го активира стравот и чувството на загрозеност. За сведочењето да биде што е можно помалку дестабилизирачко за жртвата, а истовремено да овозможи сеопфатен и релевантен исказ, неопходно е систематски да се поттикнува намалување на тензијата. Затоа интервенциите, како во фазата на подготовка, така и за време на давањето исказ, се насочуваат кон:

- задоволување на тековните потреби на жртвата (потребата за јасност, сигурност, уважување и разбирање),
- враќање на чувството на контрола над важните аспекти на ситуацијата, и
- креирање контекст во кој можноста за контакт со насилникот (визуелен и/или аудитивен) се минимизира колку што е можно.

## Специфичности на психолошка подготовка за сведочење во рамките на долгорочната програма за поддршка

Корисниците се вклучуваат во психолошко советување според процената на нивните потреби, обично непосредно по вклучувањето во програмата на НВО Атина. Со тоа процесот на психолошка поддршка започнува пред давањето на исказ во истражната и судската постапка. До моментот на подготовка за сведочење, психологот веќе има изграден однос на доверба со корисникот.

Во рамките на професиите насочени кон пружање помош, одамна е

[6] Активацијата на парасимпатичкиот нервен систем е поврзана со процесите на смирување и физиолошко опоравување на телото, што е основа за траума-информирани интервенции.

препознаено дека воспоставениот однос на доверба значително влијае врз квалитетот на комуникацијата со клиентот, како и врз постигнувањето на посакуваните исходи од процесот. Бидејќи оваа појава се заснова на универзални аспекти на човечката природа, истото важи и за судските постапки.

Форензичките психолози во последните децении, систематски се занимаваат со истражување на влијанието на односот на доверба врз квалитетот на исказот на сведоците во кривични постапки.

Наодите од истражувањата покажуваат дека сеопфатноста и кохерентноста на исказот во голема мера се поврзани со квалитетот на односот на доверба кој сведокот го воспоставил со лицето што го води разговорот, пред водењето на самиот разговор.

Како што покажуваат истражувањата, пресудно за воспоставување на однос на доверба е да се покаже грижа за физичките, емоционалните и когнитивните потреби на сведокот преку самата интеракција, како и да се покаже подготвеност да се слушне неговиот или нејзиниот поглед на настаните со разбирање.[7] Во рамките на поддршката на НВО Атина, како и преку претходната работа со психолог, жртвата веќе добила афирмација на грижа, уважување и разбирање, со што процесот на подготовка започнува на стабилна, конструктивна основа.

Во почетните фази на работата со жртвите, фокусот е на поддржувачки интервенции чија цел е поттикнување на самодовербата и самоприфаќањето. Психолошката поддршка е насочена кон надминување на симптомите на траума, како што се анксиозност, депресија и чувството на вина. Резултат на овој процес е и детално запознавање со историјатот на лицето, специфичностите на нивното актуелно психолошко функционирање, потенцијалните точки на ранливост во претстојната истражна и судска постапка, како и нивните силни страни и психолошки ресурси. Ова знаење го овозможува планирањето на индивидуализираната стратегија за подготовка на сведочењето.

Во рамките на програмата на НВО Атина, психолошката подготовка може да вклучи и други лица блиски на жртвата, како што се членови на семејството, пријатели или партнер, односно оние кои со неа го поминуваат целиот процес во психолошка смисла, дури и кога не се физички присутни.

[7] Fisher, R. P., & Geiselman, R. E. (1992). Memory-enhancing techniques for investigative interviewing.
Fisher, R. P. (1995). Interviewing victims and witnesses of crime.
Powell, M. B., Fisher, R. P., & Wright, R. (2005). Investigative interviewing.

Информирањето на овие лица за претстојната постапка, нивната намена, начинот на одвивање и улогата на различните актери придонесува за нивна јасност и смиреност, и им овозможува да бидат адекватна поддршка на жртвата. Посебно е важно да добијат информации за можното влијание на сведочењето врз психолошката состојба на жртвата, за да можат да препознаат одредени однесувања како очекувани реакции на стрес, а не како *„проблематично"* одесување. Со тоа, во стресна ситуација дополнително се намалува ризикот од конфликти и тензии во средината на жртвата.

Иако сеопфатната асистенција на НВО Атина придонесува за стабилизација на корисниците, тоа најчесто не е психолошка основа на која може да се потпреме во моментот на започнување на непосредната подготовка за сведочење. Приближувањето на терминот за давање исказ многу често доведува до видливи промени во функционирањето на жртвата. Се јавува зголемена вознемиреност, се интензивира стравот од насилникот, повторно се појавуваат или се влошуваат проблемите со спиење и ноќните мори, а присутна е и сомнеж во сопствените сили и способност да сведочи жртвата. Често се забележува повлекување од социјални контакти, апатија или импулсивност, како и подолги епизоди на плачење.

Затоа, од клучно значење е професионалците вклучени во подготовката или земањето исказ да бидат свесни за интензитетот на стресот што оваа ситуација со себе го носи за лицата кои преживеале насилство. Дури и жртви кои имале пристап до широк спектар на поддршка, здравствена, социјална и психолошка, можат да покажат регресија кога се соочени со ситуација што бара потсетување на трауматските настани и потенцијална средба со насилникот.

## Подготовка од страна на психолог

Во повеќе наврати беше нагласена индивидуализираната поддршката во рамките на НВО Атина, и таа значително го образува и процесот на подготовка од страна на психологот: разговорот со секој корисник се води во согласност со нивните специфичности. Но, заедничка стратегија е процесот хронолошки да се дели на два дела: првиот има за цел да ја намали тензијата и да ја освести жртвата за сопствените сили, за да се креира емоционален контекст неопходен за примање на информации, додека вториот дел обезбедува конкретни, сеопфатни информации за претстојното давање исказ во постапката. Општата цел на двата дела од процесот е јакнење на жртвата. Нивните ефекти се испреплетуваат, меѓусебно надополнувајќи се. Хронолошкиот редослед е воспоставен исклучиво за да се создадат ментални предуслови за остварување на што е можно поголемо

влијание од претстојните интервенции. Информирањето на овие лица за претстојната постапка, нивната намена, начинот на одвивање и улогата на различните актери придонесува за нивна јасност и смиреност, и им овозможува да бидат адекватна поддршка на жртвата. Посебно е важно да добијат информации за можното влијание на сведочењето врз психолошката состојба на жртвата, за да можат да препознаат одредени однесувања како очекувани реакции на стрес, а не како „*проблематично*" одесување. Со тоа, во стресна ситуација дополнително се намалува ризикот од конфликти и тензии во средината на жртвата.

Иако сеопфатната асистенција на НВО Атина придонесува за стабилизација на корисниците, тоа најчесто не е психолошка основа на која може да се потпреме во моментот на започнување на непосредната подготовка за сведочење. Приближувањето на терминот за давање исказ многу често доведува до видливи промени во функционирањето на жртвата. Се јавува зголемена вознемиреност, се интензивира стравот од насилникот, повторно се појавуваат или се влошуваат проблемите со спиење и ноќните мори, а присутна е и сомнеж во сопствените сили и способност да сведочи жртвата. Често се забележува повлекување од социјални контакти, апатија или импулсивност, како и подолги епизоди на плачење.

## Прв дел од подготвителниот процес

Разговорот започнува со побезбедни теми (како што е, на пр., неформален разговор за актуелните настани во животот на лицето, кои не предизвикуваат нелагодност). Преминот од неформални теми кон разговорот за претстојното сведочење исто така се прави со воведување во разговорот некоја за жртвата позитивна фактичка информација (на пр. наведување дека на обвинетиот му е продолжен притвор, дека ѝ е доделен статус на особено чувствителен сведок и сл.).

Следната насока е намалување на ранливостите кои произлегуваат од траумата. Тие се секако индивидуални, но некои се среќаваат кај повеќето жртви, па затоа накратко ќе ги разгледаме. Со оглед на негативното доживување на идентитетот, очекувано е постапката да ја доживеат како ситуација во која „им се суди" (им се прави проценка). Затоа е важно да им се помогне на жртвите да го увидат своето значење и придонес во постапката. Друга слаба точка што лесно се активира е чувството на вина, па затоа на самиот почеток на процесот се користат различни интервенции насочени кон адекватна распределба на одговорноста (во психолошка смисла).

Постои широко распространето мислење дека лицата кои претрпеле

определено насилство сакаат да сведочат за сторителот да биде казнет. Искуството на НВО Атина е дека жртвите на трговија со луѓе најчесто немаат автентична мотивација да сведочат. Имајќи ги предвид психолошките механизми во основата на оваа траума, не е тешко да се разбере дека потребата за мир често е примарна по излегувањето од загрозувачката ситуација. Сведочењето за жртвите значи повторно соочување со траумата, што го загрозува кревкиот мир што во моментот го постигнале. Затоа, предуслов за ефикасна подготовка е работа на освестување на автентичната мотивација. Во контекст на истражната и судската постапка тоа значи помош на жртвата да го разбере значењето што сведочењето може да го има за постигнување долгорочен психички мир и стабилност. Повеќето лица кои биле изложени на експлоатација и минале низ истражна и судска постапка наведуваат дека само завршувањето на постапката, а особено осудителната пресуда за насилниците, им донела доживување на мир и слобода.

Следниот чекор е потсетување на лицето за нивните силни страни идентификувани во претходниот процес на психолошко советување (како што се: способноста за преживување и во многу тешки околности, одлучност и храброст во одреден момент да се излезе од ситуацијата и сл.). Идентификуваните силни страни потоа се ставаат во контекст на претстојниот стресен настан (на кој начин можат да ја олеснат ситуацијата на сведочење). Слична на наведената интервенција е и потсетувањето на лицето на личните механизми за справување со тешки ситуации кои исто така се идентификувани за време на дотогашната советодавна работа, и елаборација како тие можат да се искористат за време на сведочењето. Намерата е иста: да се осветлат начините на кои може да бидат применети за време на давањето исказ.

Самодовербата се засилува и преку нагласување на нејзиното значење за процесот. Имено, во насилни ситуации на жртвите постојано им се нагласува дека се безначајни и безвредни. Од друга страна, сведочењето ја поставува улогата на жртвата суштински поинаку: сознанијата што таа ги има се многу важни за правната проценка на делото и понатамошната одлука за санкциите. Оваа интервенција доведува и до инверзија на односот на моќ меѓу насилникот и жртвата, што е важен потенцијал не само за соочување со ситуацијата на сведочење, туку и за понатамошно психолошко закрепнување.

## Втор дел од подготвителниот процес

По зајакнувањето на жртвата, следниот чекор е пренесување информации за сите важни аспекти на претстојното сведочење за жртвата. Притоа се дозира количината на информации што ѝ се дава на жртвата, за таа да не биде преплавена. Во рамките на програмата

на Атина, подготовката секогаш се спроведува преку повеќе средби, што овозможува работата да се приспособи според проценката на тековната состојба на лицето. Генерално е важно жртвата пред самото сведочење да добие што повеќе информации за да се намали неизвесноста и можноста за изненадувања. Со тоа се зајакнува доживувањето кај лицето дека во одредена мера има контрола над стресната ситуација.

Дадените информации вклучуваат:

### А) Општа рамка за истражната и судска постапка

- *Објаснување на целта на судската постапка во целина и преглед на фазите на постапката (работата на полицијата, обвинителството, судот).*
- *Подетално објаснување на целта на секоја фаза што треба да се спроведе; објаснување на улогата на полицијата, обвинителството, судот.*

### Б) Информации за специфичната ситуација на давање исказ

- *Организирање на средба пред поаѓање на сведочење*

Непосредно пред давањето на исказ, добрата пракса подразбира организирање на кратка средба во безбедна, неинституционална средина, чија цел е психолошка стабилизација на жртвата. Ваквата средба може да вклучи неформален разговор во простор што ѝ е познат и во кој се чувствува безбедно. Можноста самата да учествува во донесувањето одлуки поврзани со оваа средба (на пр., изборот на местото) претставува важен елемент на јакнење на жртвата, бидејќи придонесува за враќање на чувството на контрола и намалување на анксиозноста. Овој простор се користи и за кратка реафирмација на стратегиите за јакнење, развиени за време на претходната психолошка работа.

- *Организација на престојот на жртвата во обвинителството, односно во судот додека се чека почетокот на постапката*

Престојот се планира што подетално со цел да се минимизира можноста за средба со обвинетиот и други потенцијално загрозувачки фигури (бранител, сопруг/сопруга на обвинетиот, децата на обвинетиот итн.). Со цел соодветно информирање на корисникот, претходно се остварува контакт со службата за поддршка на сведоците. Пренесување на информации што укажуваат на грижата на институцијата (дека лице од службата за поддршка на сведоците ќе ја дочека на влезот, ќе ја спроведе по безбеден пат до просториите на службата, ќе ѝ ги обезбеди сите информации што во тој момент ѝ се

потребни, итн.) значително придонесува за намалување на стресотпред претстојното давање исказ. Во тој контекст, важно е да ѝ се помогне на жртвата да ги согледа споменатите постапки како израз на уважување и разбирање од страна на системот и заедницата.

- *Информации за просторот во кој ќе го даде својот исказ*

За жртвата е многу важна информацијата дали ќе може да сведочи од одвоена просторија или ќе мора да биде во просторијата во која се и другите учесници во постапката. Доколку го дава исказот од одвоена просторија, на жртвата ѝ се пренесуваат информации за просторијата и за лицата кои ќе бидат со неа. Важно е дали лицето од организацијата што ја придружува ќе може да биде со неа во просторијата. Бидејќи во некои обвинителства и судови просторијата предвидена за сведочење преку видео е многу мала, бројот на лица што престојуваат во неа може да биде ограничен. Оттаму е важно однапред да се добие информација од службата за поддршка на сведоците за евентуалните ограничувања во овој поглед, и соодветно да се подготви жртвата.

Понатаму, во просторијата за време на давањето на исказот може да биде присутно и лице во функција на техничка поддршка. За жртвата тоа значи дека ќе открива чувствителни, интимни податоци пред уште едно непознато лице. Предходно навремено информирање со објаснување на целта на присуството на лицето за техничка поддршка може значително да ја намали непријатноста на оваа ситуација. На крај, но не помалку важно, треба да се обезбедат информации и за самиот процес на комуникација преку аудио-видео линк. Фактот дека на екранот ќе ја гледа и слуша само судијата, како и дека неа ќе може да ја види само судијата, придонесува за емоционално растеретување на жртвата.

- *Кој ќе биде присутен во канцеларијата на обвинителот, односно во судницата и која е улогата на секој актер?*

Покрај јасната слика што на овој начин ја добива, корисникот се потсетува дека во просторијата, покрај лицата што ги доживува како загрозувачки, ќе бидат присутни и лица што ги доживува како своја поддршка.

- *Доколку го дава исказот во просторијата во која се одвива постапката, треба да се обезбедат информации за распоредот на седење на учесниците во просторијата*

Се планира местото на седење на лицето од организацијата што го придружува корисникот, на начин што преку позиционирањето во просторот ќе се намали емоционалната напнатост што доаѓа од правец на обвинетиот и бранителот.

- *Кои сè од присутните актери ќе можат да поставуваат прашања на жртвата?*

Искуството покажува дека оваа информација е важна и за жртвите кои сведочат од одвоена просторија, со цел поголема јасност за претстојниот настан и воспоставување одредена мера на контрола врз процесот во кој учествуваат. Дополнително, важно е лицето да се подготви за можноста да бидат поставени и прашања од лична природа. Непријатноста, кога е очекувана, има помалку разорен ефект.

- *Обврската за изнесување вистинити податоци во својство на сведок се соопштува на специфичен начин пред давањето на исказот*

Се истакнува дека е клучно обвинителот/судот, да знаат што се случило за да можат правно да го оценат делото на обвинетиот за да на крај донесат правилна одлука. Давањето упатство на лицето „дека треба да ја кажува вистината" имплицира дека веруваме дека не би го правело тоа – значи, дека не му веруваме. Ако изнесувањето на вистината се постави како начин да му се овозможи на судот подобро да ја разбере и да ја заштити, тоа дополнително ја поттикнува личноста да ги сподели сите информации.

- *Запознавање со средствата за контрола на тензијата кои и стојат на располагање*

Жртвата се информира дека може да побара пауза; да ја одбие понудената пауза ако во тој момент полесно ѝ е да продолжи со сведочењето и побрзо да го заврши процесот; доколку не го разбрала прашањето, слободно може да го каже тоа; доколку не се сеќава на деталите, слободно може да каже, итн. Индивидуалните механизми на справување исто така се ставаат во контекст на оваа специфична ситуација и се елаборираат начините на кои тие може да се применат.

- *Информирање за можностите на други лица да ѝ обезбедат одреден вид заштита за време на сведочењето*

Се наведуваат можностите кои им стојат на располагање на правниот застапник на жртвата и на обвинителот во извесни ситуации да реагираат со цел да ги блокираат загрозувачките прашања. Со тоа се поттикнува доживувањето дека таа не е сама во непријателска средина.

- *Информирање за следните чекори во процесот*

Доколку се дава исказ во истрагата, важно е жртвата однапред да знае за можноста дека не мора секогаш да има судска постапка (ако судијата не го потврди обвинителниот акт). Имено, жртвата која била зајакната

за да ги сподели трауматските настани може да очекува нејзиниот исказ да има, од нејзина перспектива, праведен исход, што значи да доведе до осудителна пресуда. Од друга страна, јасно е дека во постапката не можат да се предвидуваат исходите. За да не се ризикува губење на довербата во истражната и судската постапка и во лицата што ѝ даваат поддршка за време на постапката, важно е оваа можност однапред да ѝ се предочи на жртвата. Дополнителна предност е што оваа потенцијална ситуација може однапред да се стави во незагрозувачки контекст. Имено, од перспектива на жртвата, изостанокот на судска постапка е „победа“ на насилникот не само над неа, туку и над системот. Укажувањето на жртвата дека оваа потенцијална ситуација би значела дека судот смета дека обвинителството не презентирало доволно докази може да го врати чувството на безбедност и довербата дека системот ѝ верува. Напомена - во пракса ретко се случува, но бидејќи не може да се предвиди исходот, се изложуваат сите можности. Информирањето за потенцијално негативните аспекти на постапката не предизвикува вознемиреност доколку е проследено со соодветно објаснување.

- *Информирање за временската рамка на судската постапка*

Понекогаш жртвите очекуваат дека по давањето исказ, на истото рочиште, ќе биде изречена пресуда. За да се избегне разочарување, треба да се даде информација дека постапката ќе опфати уште рочишта за да се разгледаат сите докази, па затоа нема да биде завршена истиот ден.

- *Укажување на можноста дека на крајот пресудата може да биде ослободителна*

Истакнувањето на значењето на нивната улога во постапката и информациите со кои располагаат, често автоматски создава претпоставка дека нивното обелоденување нужно ќе води кон осудителна пресуда. Бидејќи исходот на постапката не може да се предвиди, многу е важно да се разговара за ограничувањата на нивната улога. Тие може да влијаат врз обемот на информации достапни за обвинителството и судот за настаните од периодот на изложеност на насилство, со што директно ќе се влијае врз пресудата. Сепак, конечната одлука ја носи судот. Како што беше спомнато, негативната информација може да се претстави во помалку загрозувачки контекст: ослободителна пресуда би значела дека судот смета дека изнесените докази не се доволни во однос на условите што ги предвидува законот. За жртвата е важно да согледа дека ослободителната пресуда значи дека системот не успеал да го докаже насилството, а не нужно дека не верува дека насилството се случило. Оваа интервенција е важна за зачувување на довербата во институциите.

Доколку жртвата по учество во извесен дел од постапката смета дека нејзината улога како сведок станала бесмислена, тешко би било да се мотивира за учество во евентуална второстепена постапка.

- *Сите аспекти на постапката се согледуваат од перспектива на потребите на жртвата, па затоа и информациите се пренесуваат со нагласување на потребата што конкретниот чин ја задоволува (*на пр., на обвинетиот му е продолжен притвор, што значи дека на судот му е важна твојата безбедност*)*

Овој пристап ја развива автентичната мотивација на лицето и претставува своевидна подготовка за евентуални второстепени или повторени постапки.

- *Се нагласува на крај дека за сите понатамошни чекори во постапката жртвата ќе биде навреме информирана*

Во ситуации на подготовка за давање исказ во судска постапка, предизвик за помагачите е охрабрувањето на жртвата со изјави дека претстојниот исказ е последниот во низата искази. Праксата покажува дека е невозможно да се предвиди дали одредени околности сепак ќе доведат до повторно сведочење (на пр., постапка што се водела во отсуство на обвинетиот може да се повтори откако обвинетиот станал достапен на органите за гонење). Затоа препораката е воздржување од давање охрабрувања што можат да се претворат во лажни ветувања.

- *Договор за одбележување на крајот на сведочењето во пријатна атмосфера по напуштање на обвинителството или судот*

Од психолошка перспектива, суштината на овој чекор е дебрифинг во неформална средина. Исклучително е значајно да ѝ се овозможи на жртвата елаборација на впечатоците и изразување на чувствата. Функцијата на оваа активност е емоционално заокружување на искуството и ослободување од напнатоста. За сведокот е потребна и повратната информација од психологот, бидејќи нуди можност за истакнување на сите ситуации за време на интервјуто во кои жртвата ја покажала својата сила. Освестувањето за сопствената сила и преземањето контрола над животните настани („не сум беспомошна во важни животни ситуации“; „можам да управувам со својот живот“) претставуваат важен дел од постигнувањето долгорочна психолошка благосостојба.

- *На крајот од психолошката подготовка, се отвора простор за корисниците да побараат дополнителни информации ако им се потребни*

Пред завршување на разговорот се испитуваат стравовите и грижите поврзани со ситуацијата за која станува збор. Преку поддржувачки интервенции му се помага на лицето да се интегрираат психолошките процеси и да се зачува личната функционалност.

## Подготовка од страна на социјален работник

Искуството НВО Атина покажува дека улогата на социјалниот работник може да биде делотворна исклучиво кога е интегрирана во работата на специјализирана организација што систематски и долгорочно се занимава со поддршка на жртвите на трговија со луѓе и други тешки облици на насилство. Иако, социјалните работници или професионалците од други помагачки професии можат да ги извршуваат истите дејности во различен контекст, клучниот фактор не е само индивидуалната вештина, туку и институционалната рамка, искуството и вредносниот пристап на организацијата. Токму специјализацијата, континуитетот на работа и траума-информираниот пристап овозможуваат изградба на однос на доверба, длабинско разбирање на последиците од насилството и стравовите со кои се соочуваат корисниците, како и обезбедување поддршка што ги надминува фрагментираните институционални интервенции.

Во таа смисла, соработката на правосудните и полициските органи и специјализираните организации, како НВО Атина, не се дополнителна или секундарна поддршка, туку клучен предуслов за обезбедување на безбедно, достоинствено и делотворно учество во истражните и судските постапки.

Социјалниот работник е лицето кое во рамките на НВО Атина ги познава корисниците најдобро и служи како нивна клучна потпора во целиот процес на закрепнување и учество во истражната и судската постапка. Тие се покрај корисникот од самиот почеток, од првиот контакт и моментот на излегување од ситуацијата на насилство и експлоатација, преку достапноста и теренската работа, посетите кај лекар, полиција и други институции, сè до најранливите моменти на криза, вклучително и периодот непосредно пред средбите со психологот и давањето исказ.

Поради континуираниот и интензивен контакт, корисничките со социјалните работници развиваат исклучително силен однос на доверба. Токму тој однос претставува еден од најголемите потенцијали на улогата на социјалниот работник, не само во подготовката за учество во судската постапка, туку и во целиот процес на психолошко

закрепнување, стабилизација и интеграција. Во сложениот и често долготраен процес што трае од истрагата до правосилната пресуда, социјалниот работник често е единствената константа на која жртвата може да се потпре. Нивната поддршка е континуирана, сеопфатна и лесно достапна. Во исто време, интензитетот и опфатот се приспособуваат на актуелните потреби на жртвата, како и на промените во текот на постапката и делувањето на различните делови од системот.

Социјалниот работник, во вистинска смисла на зборот, е лицето од доверба за жртвата за време на целата постапка. Неговата примарна улога е да обезбеди континуитет на емоционална и практичната поддршка, како и чувство на сигурност и заштита. Во одредени ситуации, неговото присуство има многу конкретна заштитна функција, бидејќи тој може да претставува и физичка бариера меѓу насилникот и жртвата. Самото присуство на социјалниот работник во полицијата, обвинителството или судот често значително придонесува кон намалување на стравот и зајакнување на чувството на безбедност кај жртвата.

Во најголем број случаи, судската постапка дополнително, емоционално и психички, ја преплавува жртвата, особено во акутните фази кога може да се чувствува збунета, исплашена и анксиозна. Стравот често е повеќеслоен, поврзан и со насилникот и можноста за повторна средба, и со самата постапка, односно нејзината непредвидливост и нејасност на исходот. Особено чувствителни и пресвртни моменти за опоравувањето на жртвата, но и за нејзината припрема за учество во постапката, се почетокот на главната расправа и моментот кога е повикана да сведочи. Во тие фази пресудна е токму улогата на социјалниот работник. До тогаш веќе добро ги познава реакциите на жртвата, нејзините стравови и особено важно, т.н. „тригери“ – ситуации, прашања или присуството на одредени лица што можат да предизвикаат интензивни трауматски реакции. Имајќи предвид дека самото учество во истражната и судската постапка за жртвата често претставува повторно враќање во трауматскиот настан, овој вид препознавање и антиципирање на реакциите има клучно значење.

Интервенциите на социјалниот работник за време на подготовката за учество во истражната и судската постапка во голема мера се одвиваат синхронизирано со интервенциите на психологот како дел од тимската, интердисциплинарна работа, но која вклучува и низа специфични задачи.

Една од есенцијалните специфичности на улогата на социјалниот работник е обезбедување континуирани, јасни и навремени

информации за текот и следните чекори во постапката. Социјалниот работник е единствената личност што континуирано има увид во сите фази на постапката од предистражната и истражната постапка, преку поднесувањето на обвинителниот акт, одржувањето на подготвителното рочиште и главната расправа, па сѐ до изрекувањето и правосилноста на пресудата. Тој активно го следи постапувањето на надлежните органи, собира информации и ги пренесува на жртвата на начин што е разбирлив и прилагоден на нејзината психолошка состојба. Истовремено, е во постојан контакт со претставниците на институциите вклучени во мрежата на поддршка, обезбедувајќи координација и размена на информации.

Социјалниот работник исто така има клучна улога во следењето на остварувањето на правата на жртвата за време на целокупната постапка. Тој ѝ помага на жртвата да ги разбере своите права, како и да донесе информирани одлуки во врска со постапката. Во пракса, не е реткост паралелно да се водат повеќе постапки пред различни судови и органи: на пример, постапка за семејно насилство пред основниот суд и постапка за трговија со луѓе пред повисок суд, често против истиот обвинет. Во такви ситуации социјалниот работник има пресудна улога во интеграција на информациите, информирање на жртвата, и во комуникација со надлежните органи кои што постапуваат, со цел да се обезбедат соодветни мерки за заштита и да се спречи секундарна виктимизација.

Уште една важна димензија од работата на социјалниот работник е континуираната проценка на потребите на корисниците за време на траењето на постапката. Судските процеси често траат долго, а потребите на жртвата со текот на времето се менуваат. Влошување на здравствената состојба, загуба на блиско лице што обезбедувало поддршка, потреба од безбедно сместување или дополнителна психосоцијална поддршка, сето тоа се околности што можат директно да влијаат врз способноста на жртвата да учествува во постапката и да сведочи. Социјалниот работник ги препознава овие промени и презема конкретни чекори за да даде адекватни одговори.

Особено е сложена ситуацијата кога жртвите се обвинети за кривични или прекршочни дела што ги сториле за време на периодот на експлоатација. Овие случаи се исклучително емоционално обременувачки и бараат поинтензивна, координирана поддршка за истовремено да се обезбеди психо-социјална помош, во исто време штитејќи ги правата на жртвата како лице препознаено како жртва на трговија со луѓе.

Важната улога на социјалниот работник се одразува и во поддршката на комуникацијата меѓу жртвата и претставниците на истражните и

правосудните органи. Неговото присуство делува и како заштитен и како корективен механизам, поттикнувајќи професионално и чувствително постапување од страна на различните чинители во системот. Со тоа дополнително се зајакнува чувството на сигурност кај жртвата.

Во пракса, поддршката од социјалниот работник во рамките на работниот модел на Атина и програмата за долгорочна поддршка вклучува:

- придружба на жртвата за време на клучните фази од истражната и судската постапка, вклучувајќи одење во полиција, обвинителство и суд;
- обезбедува јасни, навремени и на жртвата прилагодени информации за текот и следните чекори во постапката;
- ја подготвува жртвата за различни можни сценарија (одложувања на рочишта, промени на термини, средби со обвинетиот, испитување од одбраната);
- придонесува кон намалување на анксиозноста преку присуство, поддржувачка комуникација и зајакнување на доживувањето на контрола;
- препознава ситуации што можат да предизвикаат трауматски реакции и реагира во соработка со психологот;
- го следи остварувањето на правата на жртвата и обезбедува поддршка при донесување информирани одлуки;
- ја координира комуникацијата со институциите и другите актери на системот со цел спречување на секундарна виктимизација.

## Структура на примерокот и контекст

По претставувањето на моделот на НВО Атина за долгорочна, трауматаинформирана и интердисциплинарна поддршка на жртвите на трговија со луѓе во подготовката за учество во кривични истраги и судски постапки, во овој дел се дава емпириски увид во искуствата на жртвите за време на клучните фази од постапката. Фокусот е ставен на точките во кои се зголемува ризикот од ретрауматизација и секундарна виктимизација (прв контакт со полицијата, земање изјава, соочување во судницата, повеќекратно повторување на исказот, одложувања), како и на факторите кои придонесуваат за чувството на сигурност, стабилизација и подготвеност лицето да учествува во постапката (доколку тоа го сака).

Овој дел се базира на интервјуа со 15 лица кои поминале низ различни фази на истражни и/или судски постапки поврзани со трговија со луѓе. Наодите не претендираат на генерализација, туку служат како аналитичка основа за разбирање што помага во пракса, каде системот најчесто создава дополнителен стрес и како во тие точки улогата на континуираната, специјализирана поддршка, каква што ја обезбедува НВО Атина, може да биде идентификувана.[8]

Примерокот го сочинуваат претежно жени (87%), додека мажите сочинуваат 13% од примерокот. Најголемиот дел од испитаниците се во возрасна група од 31 до 40 години (53% од примерокот), потоа следи групата на возраст од 26 до 30 години, додека групите од 18 до 25 години, 41 до 50 години и над 50 години се застапени со по околу 7%.[9] Четири испитани лица биле малолетни во периодот на експлоатација. Нивното искуство покажува дека експлоатацијата во тие случаи траела значително подолго отколку кај оние кои влегле подоцна. Тоа потврдува дека раниот почеток на експлоатацијата често води кон подолготрајни и потешки облици на злоупотреба.

Ранливостите што претходеле на експлоатацијата се многубројни и кумулативни. Во најголем број случаи присутна е тешка економска ситуација (сиромаштија, невработеност или бездомништво), а често и претходно семејно и/или сексуално насилство. Пет од петнаесет испитаници биле невработени во моментот на влез во експлоатација или непосредно пред тоа. Истовремено, седум од петнаесет испитаници биле евидентирани во системот за социјална заштита, најчесто преку парична социјална помош или други услуги. Во примерокот се вклучени и лица со недовршено или целосно изостанато формално образование, инвалидитет, ментални тешкотии, како и припадност на етнички и национални малцинства. Овој сплет на околности укажува на сложена, кумулативна ранливост што претходела на експлоатацијата.

Географски гледано, во овој примерок, експлоатацијата во повеќето случаи е забележана во Србија. Помал број случаи опфаќале повеќе локации во странство или комбинација помеѓу локации во Србија и странство. Најдолгите случаи на експлоатација не биле нужно поврзани со прекугранични текови, туку се одвивале и во локални средини, што ја доведува во прашање вкоренетата перцепција дека трговијата со луѓе се случува исклучиво „некаде далеку".

[8] Овој дел од извештајот дава увид во искуствата на ограничен примерок (n=15) и има за цел да идентификува шеми на искуство, точки на ризик и заштитни фактори во процедурите, наместо да извлекува статистички репрезентативни заклучоци за сите жртви на трговија со луѓе.

[9] Возрасните категории на жртвите се однесуваат на годините што жртвите ги имаат во моментот на спроведување на интервјуто, а не во моментот на експлоатацијата.

## Типови и траење на експлоатацијата и обрасци на присила

Сексуалната експлоатација е присутна во околу 80% од случаите, но речиси половина од испитаниците трпеле повеќе форми на експлоатација (7 лица од 15). Во овие случаи, комбинирани се со сексуална експлоатација, присилна работа, принуда на просење и принуда на извршување кривични дела. Трудовата експлоатација се јавува во околу 40% од случаите, просењето во околу една третина, а принуда за извршување на кривични дела е забележана во најмалку четири случаи. Мажите во примерокот првенствено биле експлоатирани преку просење, присилна работа и криминални активности.

Особено алармантни се случаите на присилни бракови и експлоатација од рано детство. Евидентиран е случај на присилен брак од единаесетгодишна возраст, преку повеќекратна „продажба“ на детето со цел стапување во т.н. *„брачна заедница“*, како во Србија, така и во странство, со паралелна сексуална и трудова експлоатација, просење и принуда за извршување на кривични дела. Овие образци укажуваат на „семејно - посредувана трговија со луѓе“, односно ситуации каде родителите на детето директно учествувале во експлоатацијата. Во овие случаи семејното насилство било присутно и пред влезот во експлоатацијата, па на експлоатацијата може да се гледа како продолжение и ескалација на претходното насилство врз детето.

Во четиринаесет случаи целосно се достапни податоци за времетраењето на експлоатацијата; во еден случај, докажана е намера за експлоатација. Кумулативно, испитаниците поминале вкупно 608 месеци во експлоатација, што одговара на период од 50 години и 8 месеци. Просечното времетраење по жртва изнесува приближно 43,4 месеци, односно околу 3 години и 7 месеци. Вкрстената анализа со малолетната возраст потврдува подлабок образец: оние што влегуваат во експлоатација како малолетници во просек трпат подолг период на експолоатација (околу четири и пол години) од просекот на групата. Севкупната слика покажува дека трговијата со луѓе не е минлива епизода, туку за многумина долготрајна состојба на лишување од слобода, приходи, образование и социјални врски.

Важно е да се истакне и дека најдолгите случаи не се поврзани со странство. Две од најдолгите експлоатации, од четиринаесет и десет години, се одвивале во Србија. Од друга страна, еден обид за трговија бил прекинат во рана фаза (фаза на транспорт пред излегување од земјата), што покажува колку раното откривање и брзата реакција можат да го променат животниот тек на жртвата.

## Судски постапки: Колку долго траат и што носат

Судењето е завршено во осум од петнаесет случаи, додека преостанатите седум постапки се во тек, а значителен број од нив траат од 2022 година. Сите жртви учествувале во давање исказ и сведочење. Таму каде што времетраењето на постапката е познато, тоа се движи од три месеци (благодарение на неделните рочишта) до период од околу три години. Во повеќе предмети пресудите беа укинати, а судењата повторени, при што жртвите мораа повторно да поминуваат низ сведочење. Во најмалку четири предмети, забележани се обиди за заплашување и влијание врз жртвите, вклучително нудење пари и/или закани. Во еден случај, по пуштање на сторителите од затвор, жртвата налетала на нив во јавен превоз, без претходно да биде известена дека сторителите се на слобода, што претставува сериозен пропуст во системот за заштита.

## Пресуди и казни: Односот помеѓу казнената политика и должината на затворската казна

Дополнителен проблем е инкриминацијата на жртвите. Во околу 60% од случаите, жртвите за време на експлоатацијата биле принудени да вршат прекршоци или кривични дела. Во најмалку четири случаи, биле водени постапки против нив токму за дела сторени во периодот на експлоатација. Во еден случај, поради прекин на општествено корисна работа, до кој дошло затоа што лицето било идентификувано како жртва и преместено на безбедно, претходната обврска за општествено корисна работа била преиначена во казна затвор од 18 дена. Таквите исходи се пример за двојна виктимизација.

На крајот, ниту една жртва од примерокот не остварила надоместок на штета. Без репарација и одземање на имотната корист што ја оствариле сторителите, финансиската и социјалната штета останува на товар на жртвите: позајмици и договори склучени на нивно име, долгови и извршувања, намалени пензии и други примања, сето тоа остава долготрајни последици и по завршувањето на кривичната постапка.

## Што научивме

Од оваа мала група испитаници собрани се драстични и репрезентативни факти: експлоатацијата трае со години и претежно се одвива локално; жртвите се ранливи на повеќе основи и инкриминирани; сведочат, но ретко добиваат заштита и никогаш не добиваат отштета. Човечката и социјалната штета е ненадоместлива. Затоа одговорот на системот мора да биде побрз, заштитнички и репаративен.

Без тоа, жртвите и понатаму сами ја сносат цената на злосторот кој го сторил некој друг.

Првиот и најтежок факт е времетраењето на експлоатацијата, живот без слобода, образование, приходи и безбедност. Тоа се ненадоместливи години од животот изгубени во работна возраст, пропуштени можности за образование и вработување, години на нарушено ментално и физичко здравје, прекинати и уништени социјални врски и односи. Години што никој никогаш нема да ги врати, ниту да ги надомести.

Второ, иако трговијата со луѓе често се замислува како меѓународен криминал што се случува далеку од јавноста, трговијата со луѓе во повеќето случаи се случува во локалните заедници во Србија.

Трето, жртвите биле принудувани да извршуваат кривични дела, а потоа биле кривично гонети за истите тие дела. Тоа е суштинско кршење на принципите на заштита. Системот е тука за да ја прекине присилата и да обезбеди поддршка, а не да се надоврзе на насилството преку дополнителни санкции кон жртвите.

Четврто, изостанокот на компензација значи дека кривичната пресуда, дури и кога е осудителна, не ја исправува општествената и економската неправда. Жртвите остануваат оптоварени со долгови, често без можност да се вработат поради кривичното досие. Без отштета и одземање на имотната корист од сторителите, правдата не допира до оние на кои им е најпотребна.

Петто, наодите добиени од овој примерок упатуваат на неколку приоритетни правци на дејствување. Заштитата на сведоците треба да е правило, а не исклучок: нужно е навремено известување за излегувањето на сторителите од притвор или затвор, забрани за приближување и санкционирање на заплашувањето. Неопходни се јасни протоколи што спречуваат кривично гонење на жртвите за дела сторени под принуда, како и повторување на постапката во предмети со правосилна пресуда и бришење од евиденциите на казнети кога тоа е основано. Системот мора да обезбеди репарација преку доделување на надоместок на штета и одземање на имотната корист од сторителите. Раното откривање и итната интервенција имаат докажано позитивен ефект, додека за постапките кои се долготрајн треба да се им се обезбеди повеќегодишна психосоцијална и правна поддршка на жртвите. Конечно, наводите за вклученост на службени лица мора да бидат независно и темелно испитани, бидејќи неказнивоста ја нарушува довербата и го обесхрабрува пријавувањето.

# Извештај за искуствата на жртвите на трговија со луѓе во истражни и судски постапки

Со цел да се разберат реалните ефекти на истражните и судските постапки врз жртвите на трговијата со луѓе, беше спроведено квалитативно истражување засновано на интервјуа со жртвите кои поминале низ различни фази од овие процеси.

Извештајот се заснова на полу-структурирани интервјуа[10] спроведени во јули и август 2025 година со лица кои се идентификувани како жртви на трговија со луѓе и кои имале искуство со учество во истражни и/или судски постапки. Поради ограничениот примерок, резултатите не можат да се генерализираат, туку се однесуваат исклучиво на искуствата на овие 15 лица.

Интервјуата беа спроведени во мирна и приватна средина, без прекинување, според однапред подготвен прашалник и информирана согласност. Учесниците беа информирани дека во секој момент можат да го прекинат разговорот или да одбијат да одговорат на прашања доколку не сакаат или не се во можност. Вистинските имиња на жртвите и нивните роднини не беа споменувани, ниту забележани за време на интервјуата. Со согласност на испитаниците разговорите беа снимани, а врз основа на тие снимки беа изработени транскрипти, кои претставуваат составен дел од оваа анализа. Во извештајот се вклучени цитати од испитаниците, но без наведување на нивните идентитети и со целосно почитување на приватноста и заштитата на личните податоци.

Целта на истражувањето е анализа на искуствата на жртвите на трговија со луѓе за време на контактот со институциите и за време на судската постапка, како и искуствата што ги имале со НВО Атина, со посебен акцент на подготовката, пружената поддршка и нивното емоционално доживување. Анализата опфаќа 15 случаи на жени и мажи кои биле изложени на различни облици на експлоатација.

10 Полу-структурираниот формат комбинира однапред дефинирани теми/прашања со флексибилност за учесниците да ги прошират своите одговори во согласност со нивните искуства. Пред секое интервју, учесниците беа информирани за целта на разговорот, како ќе се користат податоците и за нивните права (доброволно учество, можност во секое време да го прекинат учеството и можност да одбијат да одговорат на било кое прашање). Податоците беа обработени и претставени во согласност со принципите за приватност и заштита на лични податоци.

## Прв контакт со институциите

Сите жртви на трговија со луѓе кои беа интервјуирани за ова истражување, првиот контакт со институциите бил со полицијата за време на процесот на идентификација и излегување од ситуацијата на експлоатација. Тој контакт се остварувал на три начини. Еднаков број (по пет испитаници) го кажаа следното: 1. првиот контакт го иницирала самата жртва; 2. некој друг го пријавил ова кривично дело и 3. полицијата влегла во просторот каде што се одвивала експлоатацијата.

Една третина од испитаниците самостојно пријавиле во полиција. Два испитаника биле охрабрени и поддржани за преземање на овој чекор од блиски лица (партнер, деца, роднини). Тројца испитаници се решиле на овој чекор затоа што повеќе не можеле да го поднесат насилството („Тоа беше последната капка").

Во два случаи, полицијата ја контактирале граѓани на кои жртвата им се обратила за помош, во два случаи полицијата ја легитимирала и привела жртвата која се наоѓала на улица, а само еднаш пријавата ја поднела институција (Институт за здравје на мајка и дете), на која жртвата ѝ се обратила за помош поради здобиени повреди.

Третина од испитаниците соопштиле дека трговијата со луѓе ја открила самата полиција, откако добила пријава. Во три случаи станувало збор за сексуална експлоатација, а во два за трудова експлоатација, односно просење. Во случаите на сексуална експлоатација, жртвите полициската интервенција ја опишале како инвазивна и застрашувачка, особено поради нагласените елементи на присилно влегување („сите врати ги скршија", „беше хаотично") кои ги доживеале како дополнително вознемирувачки и трауматичен влез во процесот на спасување.

Впечатокот е дека првиот контакт со полицијата при идентификација на жртвите на трговија со луѓе, не е пресуден за севкупната перцепција на жртвите за полицијата или другите институции. Значително поголемо влијание имале претходните искуства со полицијата, особено во ситуации во кои испитаниците имале впечаток дека нивната загрозеност била јасно видлива, а сепак не следела соодветна заштитна реакција (на пр., неинтервенирање во случај на малолетно лице само на улица или претходни полициски контроли во објекти во кои се одвивала експлоатацијата, но без понатамошни чекори од полицијата).

> Првата служба (институција) со која жртвите на трговија со луѓе имаат контакт при откривање и излегување од ситуација на насилство е полицијата.

## Искуство за време на истражната фаза

За време на истражната фаза, 7 од 15 испитани имале позитивно искуство. Жртвите изјавиле дека полицајците биле „коректни и љубезни“ и дека „имале разбирање за нивната ситуација“. Најмногу им значело кога полициските службеници воделе сметка за нивната физичка состојба, кога ја следеле состојбата на жртвата и биле подготвени да направат паузи при земањето изјава.

Четири испитанички имале негативно искуство: „И тогаш, првпат во животот одам во полиција, не знам ни зошто одам во полиција. Пред тоа, одев само за да ја подигнам личната карта и тоа е сѐ. Не знаев што да кажам, ниту бев виновна за нешто.“ Повеќечасовните испитување („до утрото“) за време на давањето изјави и инсистирањето на деталите од настанот го доживеала како знак на недоверба кон неа. Во сите такви случаи станувало збор за жени кои доживеале сексуална експлоатација. Им било непријатно ако во просторијата се наоѓале повеќе полициски службеници („ме воведуваат во канцеларија каде што има шест полициски службеници, без претходно објаснување“ – во тоа време жртвата е малолетна, забелешка на авторот) независно од нивниот пол.

Особено негативно го доживеале инсистирањето на интимни детали, за кои не ја гледале целта на нивно споделување во рамките на интервјуто (на пр. каква долна облека носеле).

„Ајде барем да ме испитуваше жена, а ме испитува маж, инспектор, и тоа ми беше малку непријатно. Дали сум носела танги или обична долна облека, зошто е толку важно ако некој ме злоупотребил? Можеа барем без тоа да ме испитуваат. Ама јас тогаш бев млада, мислев дека мора така. Потоа почнав да размислувам можеби нема да ми поверуваат, можеби од ова нема да има ништо. Тогаш си реков, зошто воопшто ја давав оваа изјава? Можеби е тоа некој негов човек“...
Деталните испитувања понекогаш ги доживувале како израз на недоверба на службениците од институциите кон нивните искази („Како да не ми веруваат, како буквално да го сакаа секој детал... за да ме фатат во лага“) и како обид да ги дискредитираат. Во тие ситуации дел од нив се обидувале да го рационализираат таквиот пристап на полицијата („Јас навистина сакав да им го кажам секој детал, да им докажам дека не лажам... Потоа сфатив... всушност, тие како да сакаа јас да се опуштам, да им кажам сѐ и тогаш почнав да им раскажувам.“).

Во две интервјуа, испитаничките опишале искуства што ги доживеале како особено вознемирувачки, вклучително и физичко и сексуално непримерно однесување за време на постапката.

Овие наводи укажуваат на ситуации во кои изостанала професионалната дистанца и заштита на достоинството на жртвата, што имало силен негативен ефект врз нивното чувство на безбедност.

Четири испитани лица имаа амбивалентни чувства. Во принцип беа задоволни од односот на полицијата кон нив, но се почувствуваа дополнително трауматизирани поради инсистирањето на деталите при земањето изјави („Прашања какво е чувството на пржење при електрошок... тоа се тие некои непотребни прашања на кои они се извлекуваа, не знаеа што друго да ме прашаат“).

## Емоционални аспекти

Петина од испитаните изјавија дека за време на истражната постапка чувствувале збунетост поради недостигот на информации за што следува и како ќе се одвива процесот. „Таа ми кажа, но јас во тој стрес, кога стравот и стресот ќе се натрупаат, во тој момент слушаш, но исто како да не сте чуле, како ништо да не сте разбрале.”

Освен збунетоста, жртвите известуваа дека се чувствувале исплашено („Не ми беше сеедно... тој страв го носам во себе“). Посебен вид психолошки притисок претставувал стравот за сопствената безбедност или за безбедноста на блиските лица („мајка ми и татко ми ќе доживеат стрес, дали ќе бидат добро, да не им се случи нешто дома...“, „Се плашев за своите... Знам со што ми се закануваше пред тоа.“).

Петина од испитаните жртви имале чувство на вина. Реченици како: „Срам ме беше, мислев дека сама сум виновна што сум тука. Никој не ми рече дека тоа не е моја грешка“, „Се чувствував како јас да направив нешто погрешно, како јас да го предизвикав сево ова“, и „Само ме гледаа, како јас да направив нешто погрешно“, укажуваат дека срамот и вината се појавиле како секундарна последица на институционалното постапување, особено во ситуации кога жртвата немала емоционална поддршка.

## Информираност за процедурите

Наодите од истражувањето укажуваат дека недостигот на навремени и разбирливи информации за текот на постапката значително го зголемува чувството на несигурност и анксиозност кај жртвите, што во поединечни случаи ја доведува во прашање нивната подготвеност да продолжат со учество во постапката.

Формалното информирање на жртвите од страна на полицијата за процедурите и постапките што ги очекуваат во најголем број случаи

изостануваат. На прашањето дали од институциите (полицијата, правосудните органи) добиле информации за тоа како ќе изгледа судскиот процес, 73% (11 од 15) од испитаните жртви на трговија со луѓе се изјаснија дека немале доволно информации. Не биле информирани дека имаат право на период за закрепнување и размислување, па биле под притисок веднаш да дадат што повеќе податоци, сметајќи дека тоа е неопходно за истрагата. Една испитаничка делумно добила објаснувања од Центарот за заштита на жртвите на трговија на луѓе.

- За време на истражната постапка речиси половина од жртвите имаа позитивно искуство со полицијата, четвртина имаа негативно искуство, а четвртина амбивалентни чувства.
- Жртвите се чувствуваат збунето и исплашено, а некои од нив имаа чувство на вина.
- Повеќето жртви на трговија со луѓе не биле адекватно информирани од страна на институциите за процедурите и постапките што ги очекуваат.

## Искуства за време на судскиот процес

Две третини од испитаниците, судските процеси ги опишуваат како претежно негативно искуство. Може да се издвојат неколку главни причини:

- **Ретрауматизација поради повеќекратно повторување на исказот или непримерни прашања**

Тринаесет жртви за време на процесот повеќепати ја повторувале приказната и биле принудени одново и одново да се присетуваат на сите детали од трауматското искуство, што предизвикало ретрауматизација. Овие постапки укажуваат на недостигот на институционална чувствителност за работа со особено ранливи сведоци.

Бранителите и некои истражители користеле провокативни коментари што дополнително го нарушувале достоинството на жртвите. Користеле стратегии за дискредитација на жртвите, ги поврзувале искуствата од трговијата со луѓе со нивниот минат живот („…адвокатот ме праша што ми се случило кога сум била посвоена и што се случило порано во мојот живот“), алудирале на доброволност („се обидоа да го поврзат моето сегашно искуство со моето минато… со идејата да кажат дека сум била таму доброволно“) и поставувале (од перспектива на жртвата) понижувачки и бесмислени прашања, што жртвите го доживеале како знак на недостиг од емпатија.

- **Обвинување на жртвата**

Дополнителен психолошки притисок за жртвите беше чувството дека судијата/адвокатите ги обвинуваат за ситуацијата во која се нашле. Поединечни жртви ги доживеале прашањата на адвокатите и/или судиите како непријателски („Имав впечаток дека секогаш е виновна жртвата. Дека таа нешто предизвикала.“; „…повеќе се чувствував како јас да сум обвинетата, а не тие“).

- **Страв и конфронтација со сторителите**

Четири лица изјавија дека во судницата имале директен контакт со сторителот („Кога ќе го видам, веднаш ми се враќа сè, не можам да спијам“). Дури и кога немале физички контакт во судницата, жртвите биле обвинувани и испитувани во присуство на одбраната на сторителот, што го доживеале како конфронтација и поради тоа чувствувале страв („Да, нивната адвокатка ме обвинуваше, затоа што мислеше дека од мене потекнала пријавата... се чувствував како јас нешто да погрешив“).

- **Долготрајни процеси и одложувања**

Бавната правда и долготрајните процеси ги исцрпуваат жртвите и ја пролонгираат нивната траума. („Судењето е завршено, но пресудата сè уште се чека. Тоа трае веќе со години.“)

Жртвите ја губат довербата во правосудството, бидејќи годините на чекање и повторените повици за рочишта создаваат чувство дека нивниот предмет нема важност. Недовербата создава длабоко чувство на немоќ и губење на вербата во правдата. Жртвите често чувствуваат дека повторно се казнети од страна на системот, наместо да бидат заштитени.

Сите овие облици на негативни искуства покажуваат дека судските процеси за повеќето жртви на трговија со луѓе биле извор на секундарна виктимизација.

## Емоционални и психолошки аспекти

За време на судската постапка, повеќето жртви доживеале силни негативни емоции, најчесто страв (27%), непријатност (20%), збунетост и бес. Исто така, тие зборуваат за трајна недоверба во системот и чувство на беспомошност („Тоа чувство на беспомошност е ужасно. И тоа чувство човек никогаш не може да го извади од себе, најмалата ситница го активира...”).

- Две третини од испитаниците-жртви, судските процеси ги опишуваат како претежно негативно искуство.

- Најчестите причини поради кои жртвите се чувствувале непријатно се: повторно присетување на трауматските искуства (ретрауматизација) често провоцирано од неадекватно поставени прашања, припишување вина од страна на адвокатите или судиите, страв од соочување со сторителите на кривичните дела и должината на постапката.

- За време на судските постапки жртвите биле уплашени, збунети и/или лути. Се појавува и чувство на беспомошност.

# Исход од судскиот процес

Анализата на интервјуата покажува дека повеќето судски постапки не завршиле со правосилни пресуди. Постапките траат 5-7 години, со чести одложувања, промени на судии и повторни сведочења. Кај 13 од 15 случаи, постапките и натаму се во тек или без правосилна пресуда.

Ниту во еден од анализираните случаи сторителите не се правосилно осудени и не ја издржуваат казната. Се споменува дека осомничените биле „осудени во отсуство", но не се во затвор.

На жртвите најмногу им пречи што процесите траат долго и што повеќе пати се принудени да одат на сослушувања, што го доживуваат како ретрауматизација. Се чувствуваат исцрпено и уморно, а некои изразуваат огорченост поради начинот на кој работат институциите („Да беше судијата што го водеше мојот предмет подобро едуциран за тоа што значи да се биде особено ранлив сведок… и да ја имав целата заштита што особено ранлив сведок треба да ја има...", „Судијата беше целосно незаинтересиран."). Во некои ситуации, коментарите на обвинителот биле обесхрабрувачки („…и секојпат кога обвинителот велеше, 'па немаме конкретен доказ'… На крај повеќе чувствував таков бес, што беше залудно што го кажав сето ова и што се обидов, не вредеше ништо …") наместо да ја охрабрат и заштитат жртвата.

Иако некои жртви успеале да ја повратат самодовербата и самопочитта, имаат доживување дека трауматското искуство трајно го променило начинот на кој го гледаат светот („Цело ова време се чувствувам како херој што успеав сево ова да го издржам и некако да продолжам со нормален живот... Ден денес, понекогаш чувствувам чувствувам страв; дека некој ќе дојде да ме заплашат, тоа ми е ужасно. Кога ќе видам полиција, сеуште имам траума што никогаш не можам да ја залечам. Повеќе не верувам во ништо."

Првиот контакт со НВО Атина најголемиот број жртви го имале непосредно по разоткривањето на трговијата со луѓе и излегувањето од експлоатацијата.

Третина од жртвите изјавија дека тој контакт го иницирала полицијата, која повикала некој од НВО Атина или ги одвела директно во сигурната куќа. Во шест случаи, жртвите прво имале контакт со Центарот за заштита на жртвите на трговија со луѓе, кој ги поврзал со НВО Атина. Двајца испитаници велат дека лицето кому му се довериле (брат во еден случај, а во другиот случај новинарка) и кое препознало дека станува збор за трговија со луѓе, само ги поврзало со Атина, но не објаснија експлицитно на кој начин.

За 13 од 15 жртви поддршката на НВО Атина била пресудна за чувството на безбедност („Имав некаква поддршка, се чувствував безбедно, сигурно, беше сосема поинаку. Беше единственото место каде што можев да одам и да се чувствувам сигурно.“ „Сите тие жени ми даваа чувство на безбедност. И почувствував сосема поинаков пристап, како тие да се единствените кои ме разбираат и дека се на вистинската страна.“). За време на самите интервјуа, жртвите зборуваа дека и денес сакаат да доаѓаат во овој простор зошто тука се чувствуваат комотно и добредојдено.

Сепак, една од жртвите наведе дека во времето кога штотуку излегла од ситуацијата на експлоатација, ѝ била потребна поголема приватност („Мене ми требаше мир. Во Атина многу ми пречеше што канцеларијата секогаш беше полна. Тогаш ми требаше да бидам сама со себе, за сето тоа да го процесирам“). Некои од испитаниците изразија слични ставови за атмосферата во сигурната куќа.

Како најзначаен аспект од искуството со НВО Атина, жртвите го наведуваа односот што го имале со вработените, сите испитаници ги доживуваат како поддржувачи. Понекогаш наведуваа конкретни имиња на лица со кои биле најмногу во контакт, а од анализата на интервјуата се гледа дека најфреквентен и емоционално најинтензивен однос имале со социјалните работници и психолозите. Имале чувство дека се прифатени („Јас никогаш немав поддршка ни од родителите, ни од браќата, ни од сестрата, но во нив најдов и семејството и сè.“), дека нивното искуство и чувствата се валидирани („имаше почитување, јас знам како сум живеела“). Во поголемиот дел од случаите, жртвите ја опишуваат поддршката на „тимот на Атина“ социјални работници, психолози и адвокатки, без наведување поединечни имиња, што укажува дека поддршката била структурирана преку тимска работа.

Скоро две третини наведоа дека им било важно што соработниците се достапни, 60% од испитаните жртви тоа го кажаа експлицитно („беа секогаш тука, секогаш можев да ги прашам“; „имав група луѓе кои својата улога ја сфаќаа сериозно и кои во секој момент беа тука за мене, кога и да ми беше тешко, кога и да ми требаше разговор... Кога и да се јавев, тие се одзиваа, беа тука, и кога беше добро, и кога беше лошо, и кога беше уште полошо, некој беше тука“).

Најинтензивна соработка жртвите ја имаа со социјалните работници. Со нив ги решаваа секојдневните животни проблеми, правеа краткорочни и долгорочни планови, се подготвуваа за судењата, а тие често беа присутни и на самите судења.

Психолошката поддршка беше особено важна. Жртвите ги процесираа своите трауматски искуства на различни начини: некои имаа потреба да зборуваат за нив, а на други им беше потребно време за да се почувствуваат безбедно и да ги споделат своите приказни и емоции. За нив беше значајно што психолозите имаа трпение и разбирање („… дека е многу трпелива, дека има разбирање, дека не ме суди“; „И многу ми значеше што ме охрабрија да излезам од дома… Ми дадоа предлози што најпрво можам да направам, да направам мал чекор напред…“). Овој однос вклучува прифаќање и разбирање на позицијата на присила во која се наоѓала жртвата („Мојот психолог е најдобар на свет, ми вели дека за ништо не сум виновна. Јас буквално ја сонував нејзината реченица, ја запишав нејзината реченица.“). За некои жртви, најзначајно беше што психолозите ја препознаа нивната сила („Реченица што многу ми значеше беше кога таа рече: ‘Ако те фрлат во шума, ти ќе можеш да излезеш од таму.’ Тоа е реченица што мислам дека никогаш нема да ја заборавам во животот.“).

Покрај социјалните работници и психолозите, НВО Атина им нуди и правна помош на жртвите. Две третини од испитаниците рекоа дека првпат добиле сеопфатни информации за целиот правен процес од НВО Атина. За разлика од нив, другите две лица изјавија дека ги добиле овие информации дури за време на судските постапки. Преку адвокатите на НВО Атина жртвите се запознале со процедурите и со нивните права, како за правото да сведочат во судот со придружба од лице во кое имаат доверба, како и за добивање статус на заштитен сведок.

Присуството на соработниците од Атина им давало чувство на безбедност („самиот факт дека некој е физички покрај тебе, дека кога е таму, другите не можат да ти приоѓаат затоа што жените од Атина ќе го спречат тоа... тоа ми даваше психолошка безбедност“; „Тие ми рекоа дека ќе имам заштита… што и да ми требаше, тие беа тука... ментално, најдов мир. Слобода… затоа што беа тука, со мене.“). Во повеќето

случаи, социјалниот работник ја придружувал жртвата на судењето, а ако социјалниот работник бил отсутен, на судењето одел друг вработен на Атина. Впечатокот е дека она што им е најважно на жртвите е да имаат некој кому му веруваат, отколку секогаш да е истата личност.

Информирањето за тоа што ги очекува барем делумно, го намалило чувството на неизвесност и непредвидливост, а со тоа и анксиозноста.

Од другите услуги што ги добиле од НВО Атина, 13 од 15 лица наведоа дека во одреден момент од процесот на закрепнување користеле услуга за поддржано домување. Поголемиот дел имаат позитивни искуства, бидејќи имаа доживување дека таму се безбедни и дека некој континуирано се грижи за нив, како и дека тоа беше безбедно место од кое можеа да прават планови за понатамошни чекори. Сепак, постојат и негативни искуства, пред сѐ поврзани за недостиг на интимност и приватност поради тоа што просторот го делат со други жени.

За време на прибирањето на податоците двајцата интервјуирани мажи кои биле жртви на експлоатација, зборуваа за потребата да се воспостави безбеден сместувачки капацитет (прифатилиште или друга форма на алтернативно сместување) за мажи жртви на трговија со луѓе. Неколку жртви наведоа дека НВО Атина им обезбедува континуирана поддршка во образованието (помош да го завршат школувањето), во пронаоѓање работа, и во вклучување во различни активности (едно лице продолжи да соработува со НВО Атина како соработничка).

- Првиот контакт со НВО Атина се случил непосредно по разоткривањето на трговијата со луѓе и излегувањето од експлоатација.
- Жртвите на трговија со луѓе ја доживуваат НВО Атина како место каде што се чувствуваат сигурно и безбедно, а 60% од нив како најзначајна ја наведуваат постојаната достапност на помошта.
- Поддршката ја опишуваа како тимска (социјални работници, психолози, адвокати).
- Најинтензивна соработка имаа со социјалните работници.
- Психолошката помош најмногу придонесе жртвите да ги разберат процесите низ кои поминуваат, да си дадат простор и време, да сфатат дека не се виновни за искуствата што ги имале и да стекнат доверба во сопствените сили за закрепнување.

- Поголемиот дел од испитаните жртви првпат од правниот тим на НВО Атина добиле информации за правните аспекти на процесот и процедурите. Од нив дознале дека имаат право на придружба од лице од доверба, право на статус на особено чувствителен сведок и право да поставуваат прашања

- 86% од жртвите преку НВО Атина имале обезбедено сместување во сигурна куќа или пристап до услугата за поддржано домување.

## Повратни информации и предлози од жртвите во врска со работата на институциите

Врз основа на своето искуство со институциите, интервјуираните жртви на трговија со луѓе дадоа препораки и совети за тоа како професионалците што работат со овој тип трауми треба да постапуваат. Нивните клучни препораки се однесуваат на односот кон жртвата, кој треба да вклучи трпение, почит, недискриминаторски став и емпатија за искуствата низ кои поминале.

*„Па, да не ги притискаат... Мислам дека кога притискаш жртва, особено кога е многу чувствителна, нема многу да ти каже. Нема многу ни да се опушти, бидејќи за тоа треба време. Мислам, треба да емпатизирате со таа личност...“*

Жртвите велат дека им недостасувале јасни информации за постапките, што очекувале да ги добијат од институциите. Како особено чувствителен момент го наведуваат земањето изјави од страна на полицијата, но и подоцна за време на истражната и судската постапка, кога се инсистира на детали што се многу интимни или болни за жртвата. Нивната препорака е ваквите прашања да ѝ се најават на жртвата, со образложување зошто се неопходни. На пример:

*„Верувам дека Ви е тешко да зборувате за тоа. За да разберам најјасно што се случило, важно ми е да ми кажете…“*

За време на давањето изјави, пожелно е во просторијата да бидат присутни помалку луѓе, како и постапката да трае пократко или со паузи.

Поголем дел од препораките се однесуваат на унапредување на меѓусекторската соработка за да се спречи ретрауматизацијата на жртвата преку повеќекратно повторување на прашања поврзани со искуството на трговија и експлоатација. Тоа пред сè подразбира порано вклучување на организации како Атина, уште од истражната

постапка, давање изјави во присуство на лица со кои жртвата се чувствува безбедно, на безбедно место, со поголема приватност:

*„Жените од Центарот за заштита на жртвите на трговија со луѓе, можат да го спроведат првото интервју некаде како што е НВО Атина... Тоа би можело подоцна да се проследи до полицијата, разговорот може да се сними, бидејќи тоа е толку фрустрирачки, што е страшно.“.*

За време на судскиот процес, најмногу препораки се однесуваа на потребата од дополнителна едукација на вработените за трговијата со луѓе и за начинот на кој е пожелно да им се пристапува на жртвите на трговија со луѓе:

*„Да беше судијата поедуциран за тоа што значи да се биде особено чувствителен сведок, и да ја имав целата таа заштита што особено чувствителен сведок треба да ја има...“.*

Жртвите сметаат дека постапките траат предолго (често 5–7 години), со чести одложувања и повторување на рочиштата. Како последица, жртвите се чувствуваат изневерени, ја губат довербата во институциите, а не ретко чувствуваат и страв дека сторителите и/или нивните соработници повторно би можеле да ѝ наштетат на жртвата или на нејзиното семејство.

И покрај непријатните искуства, пораката до потенцијалните жртви е да не молчат, да побараат помош и да се потпрат на организации што имаат искуство во обезбедување поддршка.

## Повратни информации и предлози од жртвите во врска со Атина

Испитаните лица како најзначајно позитивно искуство го оценија присуството и континуираната поддршка на НВО Атина за време на целокупниот процес на излегување од трговијата со луѓе и експлоатацијата. За 60% од испитаните лица, постојаното присуство и чувството дека „секогаш постои некој што ќе одговори“ претставувале клучен фактор за сигурност.

Од интервјуата можат да се анализираат специфичностите на НВО Атина како организација што обезбедува помош на жртвите на трговија со луѓе:

- Постојана достапност и расположливост на соработниците на НВО Атина

Жртвите го опишуваат нивното присуство како потребно во сите фази

на процесот. Атина била меѓу првите организации со кои дошле во контакт, по контактот со полицијата. Социјалните работници биле присутни за време на целиот процес, понекогаш веќе во истражна постапка, потоа за време на предистражната фаза и на судењето. Со други зборови, при сите контакти со другите институции, соработниците на НВО Атина биле покрај жртвите.

- Поддршка на дневна основа

Жртвите особено ја истакнаа поддршката што постоела на дневна основа, охрабрување на жртвите да преземат акции, да го организираат секојдневниот живот, да го продолжат школувањето и да најдат работа. Поради чувство дека на некого му се важни и дека припаѓаат некаде („во Атина најдов семејство"), жртвите на трговија со луѓе и години по излегувањето од ситуацијата на трговија со луѓе често остануваат во контакт со соработниците на Атина.

- Информативна улога

Повеќето жртви за првпат во рамките на НВО Атина добиле информации за тоа како ќе изгледа судската постапка и кои се нивните права.

- Холистички пристап

Врз основа на посредна анализа на интервјуата се забележува дека за жртвите било значајно тоа што во НВО Атина постои сеопфатен пристап, кој вклучува секојдневна практична поддршка комбинирана со психолошка и правна помош. Ваков пристап не постои во рамките на институционалната поддршка.

## Резиме

Извештајот сумира искуства на 15 жртви на трговија со луѓе за време на судските процеси и интеракциите со институциите. Анализата се однесува на подготовката на жртвите, поддршката која ја добиваат и нивните емоционални реакции, со посебен фокус на улогата на НВО Атина.

# Клучни наоди

- Првата институција со која жртвите стапуваат во контакт при разоткривање на трговијата со луѓе и експлоатацијата е полицијата. Искуствата варираат, од позитивни (адекватно ги сослушале, со тпение и внимание) до постапки што жртвите ги доживеале како непримерни, вознемирувачки или дополнително виктимизирачки.

- Следната институција со која стапувале во контакт е Центарот за заштита на жртвите на трговија со луѓе и/или Атина.

- Околу половина од испитаниците имаат позитивно искуство со претставниците на институциите за време на истражната постапка. Истовремено, нешто помалку од една третина изјавуваат дека тоа искуство било непримерно, пред сѐ поради начинот на кој биле испрашувани (според проценитe на жртвите, инсистирање на детали или интимни прашања што тие ги доживувале како нерелевантни, и со осудувачки тон).

- Жртвите на трговија со луѓе не добивале од претставниците на институциите информации за чекорите и процедурите што ги очекуваат за време на процесот. Две третини од нив првпат ги добиле тие информации од социјалните работници од НВО Атина.

- Судските процеси ги доживуваат како непријатно и ретрауматизирачко искуство. За време на постапката, чувствувале страв за сопствената или за безбедноста на своето семејство, беспомошност, непријатност и збунетост. Чувствувале притисок дека текот на процесот зависи од нивното сведочење и поради тоа се трудат да одговорат на сите прашања, дури и кога ги доживуваат како понижувачки или осудувачки дури и кога се чувствуваа исцрпено. Позитивните емоции (како доверба, чувство на благодарност и гордост) беа врзани исклучиво за контактот со вработените на НВО Атина.

- Судските процеси траат долго, сторителите не се секогаш лишени од слобода што кај жртвите доведува до страв за безбедноста, огорченост, лутина и недоверба во институциите на системот и државата.

- Жртвите на трговија со луѓе соработката со НВО Атина ја гледаат како клучна точка на поддршка и закрепнување. Најмногу ја вреднуваат достапноста, односот на почит кон претрпеното искуство, трпението и неосудувачкиот пристап. Нагласуваат дека Атина е единственото место каде што добиле сеопфатен пристап на секојдневна практична поддршка, психолошка и правна помош.

- Чувството дека некој ги разбира и ги прифаќа резултира со тоа што и денес, откако излегле од ситуацијата на експлоатација, останале во контакт со вработените на Атина.

# Препораки

1. **Рано и задолжително вклучување на специјализирана организација на граѓанското општество.**

   Специјализираните организации за поддршка на жртви на трговија со луѓе (како Атина) треба да се вклучат уште при првиот контакт на жртвата со полицијата, пред или за време на давањето на првата изјава, за да се спречат дезориентација, секундарна виктимизација и неадекватно постапување.

2. **Правото на информираност е континуиран процес, а не еднократна постапка.**

   Жртвите мора да бидат јасно, разбирливо и постепено информирани за својот статус, права, текот на постапката и можните исходи, со повторување на информациите во различни фази од постапката, имајќи ги предвид ограничените капацитети во состојба на акутна траума.

3. **Да се гарантира присуството на лице од доверба за време на сите процесни дејствија.**

   Законот и праксата треба да обезбедат жртвите да имаат право да бидат придружувани за време на давање изјава, испрашување и рочишта од страна на лице од доверба, посебно обучено за работа со траума, чие присуство има реална заштитна функција.

4. **Ограничување на бројот на испитувања и спречување на повеќекратно повторување на исказот.**

   Неопходно е унапредување на меѓусекторската соработка и размена на информации за да се минимизира повеќекратното повторување на исказот, што жртвите го доживуваат како израз на недоверба и силен извор на ретрауматизација.

5. **Забрана на непримерни, понижувачки и нерелевантни прашања.**

   За време на истражната и судската постапка мора да се забранат прашања што навлегуваат во интимата на жртвата без јасна процесна цел, како и прашања што имплицитно припишуваат вина или го доведуваат во прашање кредибилитетот на жртвата врз основа на нејзиното однесување, минато или социјален статус.

6. **Статусот на особено чувствителен сведок мора да има обврзувачки последици.**

   Доделувањето на овој статус мора да подразбира конкретни процесни мерки за заштита (посебни простории, одделни влезови, ограничување на соочувањето, контрола на прашањата), а не да остане на ниво на формална ознака.

7. **Обезбедување физичка и просторна заштита на жртвите во судот.**

   Судовите мора да обезбедат жртвите да не бидат изложени на директен или индиректен контакт со сторителите, вклучително и при престој во ходници, чекални и заеднички простории, бидејќи таквите контакти можат да предизвикаат силна ретрауматизација.

8. **Препознавање на „дупките“ во меморијата и фрагментираниот исказ како последица на траума.**

   Институциите мора дополнително да се тренираат да не ги користат недоследностите во исказот, „дупките“ во меморијата или емоционалните реакции како аргумент против кредибилитетот на жртвата, туку да ги препознаваат како очекувани последици на траумата и принудата.

9. **Воведување проценка на ризик што ја опфаќа и безбедноста на семејството.**

   Проценката на ризик не смее да се однесува исклучиво на жртвата, туку мора да ги опфати и заканите кон семејството и блиските лица, стравот за другите често е причина за молк, повлекување или откажување од соработка со институциите.

10. **Обезбедување психолошка поддршка за целиот период на постапката.**

    Психолошката поддршка мора да биде континуирана и достапна за целиот истражен и судски процес, вклучително и за периодите на одложувања, чекање пресуда и повторени рочишта.

11. **Препознавање на долготрајноста на постапката како форма на секундарна виктимизација.**

    Долготрајните судски постапки (5-7 години) мора да се препознаат како дополнителен извор на психолошко оптоварување, потребно е воведување на механизми за следење, поддршка и приспособување на темпото на постапката на потребите на жртвите.

**12. Развивање на родово и контекстуално сензитивни модели на заштита.**

Системот на заштита мора да ги препознае различните потреби на жените, мажите, децата, лицата со инвалидитет и постарите жртви, вклучително и обезбедување на сместување и поддршка за мажи жртви, кои моментално се структурно исклучени од постојните капацитети.

**13. Спречување на виктимизација од страна на професионалци и институции.**

Потребно е воспоставување јасни стандарди на однесување за полицијата, обвинителите, судиите и адвокатите за да се спречат исмејување, омаловажување, сомничење и неемпатична комуникација, кои жртвите ги доживуваат како длабоко штетни.

**14. Обезбедување континуитет на поддршката по завршувањето на судската постапка.**

Поддршката за жртвите не смее да престане со окончување на постапката или со губење на формалниот статус на жртва, неопходни се флексибилни модели на долгорочна поддршка, бидејќи последиците од судските процеси често се појавуваат или се интензивираат дури по нивното завршување.

**15. Систематско признавање на улогата на специјализираните организации како дел од системот на заштита.**

Искуствата од интервјуата јасно покажуваат дека специјализираните организации не се додатна помош, туку клучен столб на заштитата на жртвите, нивната улога мора да биде формално признаена, институционално интегрирана и одржливо финансирана.

CIP - Каталогизација у публикацији
Народна библиотека Србије, Београд

364.62:343.431-058.64
343.143
343.988:061.2

OD traume do svedočenja : smernice za psihološku podršku žrtvama trgovine ljudima u istražnim i sudskim procesima / [Dragana Ćuk Milankov ... [et al.]]. - Beograd : Udruženje građana za borbu protiv trgovine ljudima i svih oblika nasilja nad ženama – ATINA, 2026 (Beograd : Skripta inter- national). - 45 str. ; 24 cm

Tiraž 100. - Napomene i bibliografske reference uz tekst.

ISBN 978-86-82960-04-1

1. Ћук Миланков, Драгана, 1968- [autor]
а) Удружење грађана за борбу против трговине људима и свих облика насиља над женама – Атина (Београд) -- Пракса b) Жртве трговине људима -- Психолошка помоћ v) Сведоци -- Процесни положај

COBISS.SR-ID 185304329

Оваа публикација е преведена на македонски јазик со финансиска поддршка на заедничката акција на Европската Унија и Советот на Европа за Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија.

Оваа публикација е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската Унија или на Советот на Европа.

MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа